УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

# МОРАЛНИ ВРЕДНОСТИ И ВРЕДНОСНИ ОРИЕНТАЦИИ КАЈ МАЛОЛЕТНИ ДЕЛИКВЕНТИ

**Ментор:**

**Проф. д-р Ана Фрицханд**

**Кандидат:**

**Јове Зафировски**

**СКОПЈЕ, 2019**

## Содржина

Вовед ....................................................................................................3
1. Природа и опсег на малолетничката делинквенција.................................5
1.1. Мерење на малолетничката делинквенција........................................10
1.2. Фактори поврзани со малолетничката делинквенција..........................13
1.3. Морал и морални вредности ..............................................................26
1.4. Поврзаност на моралните вредности со појава на малолетничка делинквентност........................................................................................31
2. Превенција на малолетничка делинквенција............................................35
2.1 Вонинституционални мерки за ресоцијализација...................................40
3. Релевантни истражувања ......................................................................47
4.1. Емпириско истражување ...................................................................53
4.1.1. Цели на истражувањето.................................................................53
4.1.2. Проблем на истражување...............................................................53
4.1.3. Хипотези на истражувањето...........................................................54
4.1.4Варијабли на истражувањето...........................................................54
4.1.5. Мерен инструмент .......................................................................53
4.1.6. Примерок......................................................................................57
Резултати ..............................................................................................58
Дискусија...............................................................................................73
Заклучок.................................................................................................69
Литература............................................................................................738
Прашалник за морални вредности ............................................................84
Прашалник за вредносни ориентации........................................................89

# Вовед

Веќе подолго време претставува проблем објаснувањето за тоа зошто некои малолетници крадат, а некои не, некои подметнуваат пожари, учествуваат во конфликти (кои понекогаш може да вклучуваат и употреба на различни видови оружје) и така натаму, додека пак, други не. Постојат многу теории кои се трудат да дадат објаснување на овие прашања и состојби, меѓутоа потребно е постојано проментувње на тие теории и нивна еволуција. Во изминатите десет до петнаесет години се направени екстензивни обиди за истражување на овие проблеми и давање на објаснување и формирање нови теории. Деликвентноста сама по себе е општествено неадекватно приспособување на индивидуите кон општествените промени и претставува дел од тешкотиите со кои индивидуата се справува. Факторите кои ги предизвикуваат таквите тешки состојби кај индивидуата, заедно со менталната и физичката кондиција кои влијаат на капацитетот на индидивудата да се приспособи кон тешкотиите, предизвикуваат појава на деликвенција.

Секој престап кој е направен од малолетни лица произлегува од сложени состојби, кај кои потеклото на некои од нив датира дури многу одамна пред да се направи некој престап, додека кај други, потеклото е многу очигледно и веднаш се поврзува со деликвентското дело. Според тоа, невозможно е да се направи група на причини кои неизбежно водат кон извршување на особени престапи.

Малолетничката деликвенција дури во скоро време станала важен аспект на криминологијата и социологијата. Треба да се напомене дека малолетниците имаат сериозни форми на делинквентно однесување кои може да ги поткопаат стабилноста на општество и општественото уредување. Девијантното однесување на малолетниците создава нарушување на општествениот ред и поредок и деструкција на моралните вредности, што создава алармантна позиција во организациите на општеството.

Кризата на моралните вредности и вредносните ориентации на младите кои се повеќе се осврнуваат кон хедонизам и се угледуваат на познати богати личности, постои веќе подолг период, временски мерено некаде 20-тина години наназад. Во тој период е дојдено и до целосно исчезнување на моралните вредности, владееење на неморалот во општеството, општествените групи, па и кај индивидуите, нешто на што се особено ранливи малолетните лица кај кои психолошкиот развој сеуште не е завршен. Голема

улога во исчезнувањето на моралните вредности кај младите лица, особено малолетниците, имаат социјалните медиуми кои постојано промовираат неморално однесување и криминал како „општо прифатен“ начин на живот, а целата таа содржина е лесно достапна за сите преку интернет, телевизија, весници и така натаму. Она што е особено загрижувачко е тоа што не постои морална осуда од страна на повозрасните кои треба да бидат пример за своите деца додека се во развој и да ги насочуваат кон вистински, морални, вредности во животот и наметнување животен стил кој е во согласност со тие морални вредности. Сето тоа доведува до појава на девијантно однесување, застранува од „вистинскиот пат“ и развој на деликвентна личност. Оттука, може да се каже дека девијантното однесување и извршување деликвентни дела настануваат како последица од структурните тензии и недостатокот на морална регулација.

Кај оние лица кај кои моралните вредности се на многу ниско ниво и живеат во услови во кои има недостаток на морал и се во близок контакт со криминални активности, не се јавува чувство на вина или двоумење за криминално дејствување и имаат тенденција на импулсивност и кратковидност, со минимални морални вредности и атрибути, со што се ранливи кон искушението за криминал, односно се склони кон девијантно, делинквентно однесување.

Деградацијата на моралните вредности помеѓу малолетниците е од исклучително значење во современата хумано-истражувачка сфера. Моралноста се однесува на соодветноста на делата кои ги починува младото лице, на тоа што мисли и чуствува. Моралноста помага во донесување на правилна морална пресуда, а со тоа спречува развој на неприфатливо однесување.

# 1. Природа и опсег на малолетничката делинквенција

Пред околу 2,400 години, Платон изразил загриженост за состојбата на младите луѓе во општество. Тој истакнал дека се чини дека децата и адолесцентите ја изгубиле почитта кон повозрасните и станале непослушни кон своите родители и се чинело дека почнале да се појавуваат се повеќе неморални млади луѓе за разлика од претходните ери. Било забележано дека некои деца и адолесценти го изгубиле својот пат и состојба во општеството. Со други зборови, уште во тој период постоела загриженост меѓу граѓаните дека однесување и несоодветно однесување на младите било проблем, нешто што дури и Платон го забележал (Bailey & Scott, 2008).

За многу млади луѓе денес, традиционалните модели кои ги водат односите и транзициите меѓу семејството, училиштето и работата се предизвик. Социјалните односи кои обезбедуваат непречен процес на социјализација се уриваат; траекториите на живот станува се повеќе различни и помалку предвидливи. Преструктурирањето на пазарот на трудот, продолжувањето на на јазот на зрелоста (периодот на зависност на младите од возрасните во семејството) и, веројатно, поограничените можности да станат независни, се сите промени кои влијаат врз односите со семејството и пријателите, образовните можности и избори, учество на пазарот на трудот, рекреативни активности и начин на живот. Не се само развиените земји кои се соочуваат со оваа ситуација; исто и кај земјите во развој постојат нови притисоци врз младите луѓе кои преминуваат од детство во независност. Брзиот пораст на населението, недостапноста за домување и поддршка на услугите, сиромаштијата и невработеноста кај младите, намалувањето на авторитетот на локалните заедници, пренатрупаноста во лошите урбани средини, дезинтеграцијата на семејството и неефикасните образовни системи се само некои од притисоците со кои младите мора да се справат (Agnew ,2005).

Деликвенција е непожелно дејство, пропуст или морално однесување на малолетникот што во општеството не е дозволено. Малолетничката деликвенција е комплексен феномен што е тешко да се дефинира, измери, објасни и спречи. Една од причините за оваа предизвикувачка природа е затоа што малолетничката деликвенција дели односи со социјални институции како што се семејства, училишта, медиумите, телата за спроведување на законот и судовите. Малолетнички деликвент е лице кое има нарушување во однесувањето кое обично се дефинира како „дете кое се обидува или се

преправа дека се однесува како возрасен". Малолетничката деликвенција е широк, генерички поим што вклучува различни форми на антисоцијално однесување. Во повеќето држави, малолетничка деликвенција е дефинирана како однесување кое предизвикува прекршување на кривичниот кодекс и е извршено од страна на млади лица кои немаат достигнато полнолетна возрасна граница, која обично е на возраст од 18 години, а конкретните акти кои ја сочинуваат малолетничка деликвенција се разликуваат од држава до држава. Една дефиниција за малолетничка деликвенција која е широко прифатена од е (Roberts, 2004):

"Малолетничка делинквенција е акт кој претставува прекршување на државните закони од страна на малолетни лица (деца); акти кои се толку сериозно антисоцијални кои предизвикуваат попречување на правата на другите лица во општеството или кои доведуваат до нарушување на благосостојбата на самото делинквентно лице или на општеството".

Генерално, според многу кривични законици, малолетничката делинквенција може да се дефинира како личност, обично помлада од 18 години, која врши нелегално дело и се смета за деликвент кога лицето е официјално обработено преку малолетнички или семеен суд. Малолетниккот не е делинквент се додека не се донесе пресуда од суд и со тоа станува обележан како таков.

Исто како и правната дефиниција, така и социјалната дефиниција за малолетничка делинквенција варира. Една од најчесто применуваните дефиниции во социолошки контекст, е (Norval & Gordon, 1960):

„Малолетничката делинквенција е поим кој се користи за опишување на голем број недозволени дејства на млади лица и деца. Во социолошки аспект, скоро се што прави некое малолетно лице, а не е одобрено од страна на општеството или другите индивидуи во општеството, се смета за делинквентно однесување".

Разновидноста на правните и неправните дефиниции за малолетничка деликвенција сугерира дека постои ниво на субјективност во дефинициите и општествените слики за деликвенција. Овие слики често потекнуваат од литературата, филмовите, телевизијата, музиката и видео игрите. Кога уметноста точно го одразува општеството, постои мало сомневање дека е претставен мал степен на реалност (Werner H.J, 2005).

Дејството на детето може да се гледа како детско, смешно или недолично однесување, но тоа може да предизвика сериозна загриженост. Во реалноста, постои многу нејасна разлика помеѓу деликвентното дете и нормалното дете и неговото однесување кон вознемирена личност е одлучувачки фактор меѓу деликвенција. Можеби најголемата грешка која секој може да ја направи е да размислува дека малолетничка деликвенција постои во вакум, стои сама и нема врска со други делови од општеството. Поради нејзината комплексност, многу теории за деликвенција еволуирале сместувајќи, односно лоцирајќи ја вината само на таргетот, во опсег кој се движи од ембрионскит развој на детето до нефункционални семејства, трошни училишта, беда и сиромаштија, врснички односи, ниска самоконтрола или било која комбинација од овие и други фактори. Деликвенцијата кај малолетниците често е знак на безброј и обично непознати проблеми со кои се соочуваат, кои се поврзани на непознати начини. Во последните години, малолетници извршиле многу сериозни злосторства кои влијаат врз тоа како луѓето мислат за криминалот, за причините и за неговото решавање (Farrington, 2006).

Поголемиот дел од малолетниците кои вршат престапи, вклучувајќи и малолетни престапници за прв пат, најверојатно ќе бидат неформално обработени или пренасочени од системот за малолетничка правда. Релативно мал број малолетниците се хронични престапници. Повеќето малолетни престапници вршат само неколку прекршоци и имаат тенденција да извршат различни кривични дела. Малолетните престапници се склони да извршат различен спектар на прекршоци, иако некои можат да практикуваат, фаворизитаат особен вид на криминал повеќе од другите. Мнозинството малолетни престапници вршат релативно мали прекршоци и само мал процент извршуваат повремени тешки кривични дела. Некои од злосторствата што ги извршуваат малолетниците се толку сериозни што тие добиваат национално внимание. Овие „сензационални“ злосторства, како што се оние извршени од 15-годишниот Еван Савој (Evan Savoie), чие малолетничко досие содржи 19 судски пресуди кои започнуваат на возраст од 12 години, за на крај да го прободе соиграчот до смрт, или случајот со 14-годишниот Мајкл Хернандез (Michael Hernandez), кој го пресекол грлото на 14-годишниот соученик Џејми Гуф (Jamie Gough) во училишниот тоалет, а потоа мирно се врати на час со крвава облека, ја потресле совеста на граѓаните кои го почитуваат законот (Popma & Raine, 2018).

Најчесто извршени кривични дела од малолетни лица, обично, се ненасилни прекршочни дела. Најчеста е кражбата, со стапка на апсење од 401,3 на 100,000 млади

во 2018 година. Второто најчесто кривично дело е физички напад, со стапка на апсење од 382,3 на 100,000 млади лица. Трето е злоупотреба на дрога, со 295,6 апсења на 100,000 млади лица. Четвртото најчесто кривично дело е девијантно однесување, со стапка на апсење од 195,5 на 100,000 млади лица. Петто е употреба на алкохол, вклучувајќи возење под влијание на алкохол, прекршоци под влијание на алкохол и пијанство, со комбинирана стапка од 143,9 апсења на 100,000 млади лица (Cauffman & Steinberg,2018).

Во раните 1990-ти, зголемените стапки на криминал предизвикале промена во мислењето на јавноста за луѓето што извршиле злосторства. Малолетните престапници, особено беа претставени како “маѓепсани суперпредпредатори”, поттикнувајќи ја перцепцијата за малолетниците како се понепредвидливи. Според статистиките, 1996 година е година со рекордно најголем број малолетни престапници, со просек од околу 8,476 малолетни престапници на 100,000 лица на возраст од 10-17 години. Меѓутоа, најскорешните податоци покажуваат драстични промени: во 2018 година само 2,553 малолетни лица од 100,000 на возраст од 10-17 години биле уапсени за престапи, што претставува намалување за 70% од 1996 година. Насилните криминални дела бележат најголем опад уште од 1990 година, дела кои вклучуваат убиства, силувања, грабежи и тешки физички напади. Убиствата извршени од малолетници бележат пик во 1993 година, со 12,8 апсења на 100,000 млади лица, додека тој број во 2018 година опаднал за 2,2 апсења. Меѓутоа, во тој период, во 2016 година се забележува пораст на бројот на извршени убиства од страна на малолетници, со 2,6 апсења. Во однос на грабежите, пикот се забележал во 1994 година, со 183,5 апсења на 100,000 млади лица, а опаднал за 66% бо 2018 година, на 56,6 апсења. Сепак, најчест незаконски акт на малолетниците претставувал, и сеуште претставува физичкиот напад. Во однoст на силувањата како криминален акт, постои тешкотија за проценка, со оглед на тоа што многу држави во светот ја имаат променето дефиницијата за силување, ограничено единствено на “присилен сексуален акт”(Herrenkohl, Maguin, Hill, Hawkings, Abbot & Catalano, 2018).

Стапките на ненасилните криминални акти следат слична шема. Престапи во однос на имот, кои вклучуваат грабеж, кражби, пожари, кражба на моторни возила, покажуваат значителен пад во текот на изминатите неколку децении. Највисока стапка на кражби е забележана во период од 1988-1991 година, со околку 2,500 апсења на 100,000 млади

лица. Со исклучок на 1994 година, оттогаш па до 2018 година, овој тип на криминалаен акт извршен од малолетници е во постојан пад, со околу 551,1 апсења на 100,000 млади лица. Дури и криминалните дела поврзани со наркотици бележат пад, по пикот во 1997 година на глобално ниво, со 684,5 апсења на 100,000 млади лица, до 295,6 апсења на 100,000 млади лица во 2018 година.

Иако некои аспекти на малолетничка деликвенција се универзални, други се разликуваат од еден регион до друг. Како по правило, културните контексти се важни за разбирање на причините за малолетничка деликвенција и развивање на културолошки соодветни мерки за справување со малолетничката делинквенција(Wenar,2019).

Во Африка, деликвенцијата има тенденција првенствено да биде припишана на гладот, сиромаштијата, неисхранетоста и невработеноста, кои се поврзани со маргинализацијата на малолетниците во веќе сериозно загрозените сегменти на општеството. Како резултат на брзиот раст на населението,младите луѓе во Африка наскоро ќе сочинуваат две третини од населението во регионот. Секоја година околу 790,000 луѓе влегуваат на пазарот на трудот, додека економијата генерира помалку од 60,000 работни места. Една половина од сите домаќинства во Африка живеат во сиромаштија. Многу од урбаните сиромашни живеат во сиромашни и сквотерски населби со пренатрупаност, нездраво домување и недостаток на основни услуги (Urban Management Programme, “Streetchildren and gangs in African cities: guidelines for local authorities”,2000). Еден од најсериозните проблеми е големиот број на деца од улица и деца без родители, чии бројки растат како резултат на континуирани и повеќекратни вооружени конфликти, распространетоста на ХИВ/СИДА и распаѓањето на вековниот начин на живеење и општествена структура. Малолетничкиот криминал и деликвенција се во пораст, тренд поврзан со брзите и драматични социјални, политички и економски промените што се имаат случено во Африка во последниве децении. Главни прекршоци извршени од страна на младите луѓе се кражби, грабежи, шверц, проституција, злоупотреба на наркотични супстанции и трговија со дрога (United Nations, Centre for Social Development and Humanitarian Affairs, 1993).

Во азиските земји, малолетничкиот криминал и деликвенција се главно урбани феномени. Статистички, како што е случај и на друго место, младите луѓе се најкриминоген активен сегмент од населението. Најзабележливи трендови во регионот се порастот на бројот на насилни дејства извршени од страна на младите, зголемувањето

на прекршоци поврзани со дрога и значителен пораст кај женската малолетничка деликвенција (Ibid). Финансиска криза која ги погоди некои земји во Источна и Југоисточна Азија во доцните 1990-ти создаде економска стагнација и контракција, што довело до голема невработеност кај младите. За милиони млади луѓе тоа значело губење на идентитетот и можноста за само-актуелизација (United Nations, Department of Public Information, News Coverage Service,1998).

Во Латинска Америка, младите биле најтешко погодени од економските проблеми поврзани со должничката криза во регионот, што било потврдено со екстремно високите стапки на невработеност кои преовладуваат кај оваа група. Малолетничка деликвенција е особено акутна и често се поврзува со проблемот на бездомништво меѓу децата и адолесцентите.

Во арапскиот свет, проблемите поврзани со малолетничката деликвенција се разликуваат од една земја до друга. Некои земји имаат социо-економски потешкотии, додека други стануваат просперитетни. Во втората група, деликвенција може да се јавуви во врска со мигрантите кои бараат вработување или можат да бидат поврзани со фактори како што се континуираната урбанизација, ненадејното изобилство, брзото менување на економијата и зголемената хетерогеност на населението. Конфликтот меѓу традиционалните Арапско-исламските вредности и поновите начини на живот, често познати како „увезени вредности“,  се чини дека се заеднички проблем низ целиот регион (Coleman & Hendry, 1999).

## 1.1. Мерење на малолетничката делинквенција

Тешко е да се одлучи кое однесување претставува малолетничка деликвенција и кои се малолетни делинквенти. Причината за оваа конфузија е дека општествените ставови за децата се менуваат со текот на времето и се разликуваат од место до место. При одлучувањето за тоа кој е деликвентен, честопати, не се усвојува строга правна дефиниција, бидејќи скоро сите деца го прекршиле законот и ако биле уапсени, обвинети, гонети, осудени, би можеле да бидат институционализирани една или повеќе години. Сепак, разликите во однесувањето на децата се мерливи и не е правилно да се тврди дека сите деца се деликвентни. Повеќето деца само делуваат на деликвентен начин, а само мал процент се хронични престапници. Еден начин да се карактеризира

малолетничката деликвенција е да се лоцира однесувањето на децата во серија од четири континууми: (1) траење, (2) фреквенција, (3) приоритет, и (4) сериозност на однесувањето. Како што е прикажано на Слика 1, секој фактор формира сопствен континуум, со деца кои паѓаат во различни точки. Најголемиот дел од деликвентите вршат неколку мали дела на деликвенција на неконзистентна основа во текот на нивните тинејџерски години (Maloletni učinioci krivičnih dela - prijave, optuženja i osude. Statistički bilten. Beograd, 2008).

Некои деца можат да извршат помали деликвенции и само едно или две потешки злосторства како тинејџери. Овие малолетници се нарекуваат адолесцентно-ограничени прекршители. Овие поединци обично покажуваат делинквентно или антисоцијално однесување само за време на нивните тинејџерски години, но потоа престануваат со истите на повозрасни години. Спротивно на тоа, повеќето сериозни деликвенти се постојани прекршители во животот. Тие претставуваат мала група на поединци кои се впуштаат во антисоцијално однесување на еден или друг начин, во секоја фаза од животот. Долготрајните сторители се длабоко посветени (приоритет) на проблематичното однесување и извршиле многу (често) сериозни престапи (сериозност) во подолг временски период (траење). Кога антисоцијалните тенденциите кај трајниот сторител продолжуваат во зрелоста, тој се смета за „хроничен престапник“ и се става на екстремната десна страна на континуумот (Ivanović-Kovačević,2009).




***Извор: Sam Cornwell, „Nature and extent of Deliquency", New York: Shutter Stock Books Inc., 2016), p.25.***

**Слика 1. Континууми на малолетничка делинквенција**

Средината на континуумот е резервирана за адолесцентно-ограничени престапници, чија вмешаност во деликвенција е генерално мала, неконзистентна и ограничена на нивните тинејџерски години. Ако никој не интервенира за да им помогне на хроничните деликвентни престапници, сепак, нивната деликвенција може да се влоши. Сепак друга група млади, наречена апстинери, воопшто не се вклучува во деликвенција. Постојат докази дека апстинентите се психолошки поздрави од младите кои вршат деликвенција (Farrington,2003).

## 1.2. Фактори поврзани со малолетничката делинквенција

Невозможно е да се развијат ефективни програми за превенција на малолетничката делинквенцја без разбирање на причините за учеството на малолетникот во криминални активности. Постои примена на различни пристапи  во научната и практичната литература за малолетнички криминал и насилство за да се дефинира и објасни деликвентно однесување на младите луѓе. Социолозите гледаат на концептот пошироко, верувајќи дека тој опфаќа мноштво од различни прекршувања на законските и општествените норми, од прекршоци до сериозни злосторства извршени од малолетници. Вклучени под чадорот на малолетничка деликвенција се така наречените статусни прекршоци, затоа што се тесно поврзани со возрасниот статус на сторителот; одредено дејствие или однесување се смета за прекршување на законот само ако тоа е сторено од страна на малолетникот. Во еден обид да се објаснат теоретски основи на деликвенција, социолозите ги поврзуваат специфичностите на младинското однесување со домот, семејството, соседството, врсниците и многу други променливи кои заедно или одделно влијаат на формирањето на младите луѓе во социјалната средина. Антисоцијалното однесување може да биде нормален дел од растот или почетокот на долгорочниот модел на криминална активност. Упатствата на Обединетите нации за превенцијата на малолетничка деликвенција (водичот од Ријад), наведува дека младинското однесување или однесување кое не е во согласност со севкупните општествени норми и вредности е често дел од процесот на созревање и раст и има тенденција да исчезне спонтано кај повеќето лица со транзиција кон зрелоста; големо мнозинство на млади луѓе имаат тенденција да извршат некој вид на ситни прекршоци во одреден момент за време на нивната адолесценција без ова се претвора во криминална кариера на долг рок. Додека деликвенција е честа појава и карактеристика на периодот и процесот на станување возрасен, многу е важно да се забележи дека малолетниците често создаваат стабилни криминални групи со соодветна субкултура и постои можност од вклучување во активностите на возрасни криминални групи, всушност, да направат избор кон  „деликвентна кариера“ (Smart, Vassallo, Sanson & Dussuyer, 2004).

Постојат неколку фактори кои влијаат врз формирањето на морални вредности кај младите:

- Однесување на родителите: родителите играат важна и динамична улога во развојот на моралните (но и другите) вредности кај детето. Однесувањето на родителите влијаат врз развојот на моралните вредности на детето. Денешните родители (со и без образование), се повеќе се загрижени за академските достигнувања на своите деца, отколку за културните, традиционалните и моралните вредности. Родителите кои работат имаат недоволно влијание врз процесот на воспоставување дисциплина врз детето, со што детето станува помалку емотивно поврзано за нив, а родителите не поставуваат некои норми за однесување на децата, што на крај доведува до формирање личности без силни морални вредности. Како последица од незаинтересираноста на родителите и од „лесниот" начин на живот на детето кога сеуште е во развој, се добива младина која е склона кон насилство, самоволие и примена на екстремна сила за да го добие тоа што сака, без следење на некои кодекси на однесување, закони, норми, правила, етика и морал.

- Влијание на врсничката група: врсничката група игра голема улога во развојот на концептот на моралност. Децата, било тоа да се деца од предшколска возраст или школска возраст (основно и средно образование), тие поминуваат многу време со свои врсници и друштво, со кои комуницираат искрено, делат совети, имаат поддршка и така натаму, со што се склони да го прифатат мислењето на своите пријатели и другари, многу подобро отколку мислењето на родителите, што на крај може да ги доведе до впуштање во неморални активности, како кражби, консумирање алкохол и наркотици, подметнување пожари, оштетување имот, со еден збор – во девијантно однесување.

- Дисфункционален образовен систем: може да се каже дека во поголемиот дел од светот, а и кај нас во Република Македонија, постои слаба едукациска инфраструктура и нема некои основни елементи од кои идните генерации би можеле да учат што значи морално однесување и други исклучително важни вредности во однесувањето. Во градинките не постои позитивна атмосфера слична на домашната, каде детето ќе може да ги модифицира, подобрува или зајакнува своите научени идеали и вредности од домот, со оглед на тоа што администрацијата не е соодветно раководена и има недостаток на морална одговорност како

образовна установа; потоа, во училиштата учениците не можат да ги стекнат моралните вредности во сегашниот образовен систем, а доколку ги има – тие се исклучително застарени, контоверзни и полни со предрасуди и конзервативност и така натаму. Неретко може да се сретне дека оценките се „купуваат“, казнувањето и уценувањето е „добронамерно“ од страна на родителите, физичките пресметки на родителите со други лица во „одбрана“ на детето и така натаму. Сето тоа допринесува за создавање на морално-сиромашни лица кои сметаат дека некои активности се нормални, со што вршат криминал, според законите и општествените стандарди.

- Влијание на мас медиумите: недвосмислено телевизијата, печатените медиуми, интернет блоговите и веб-страните, кината, идолите (актери, пејачи) и други, играат голема улога во оформувањето на личноста и моралните вредности на младите. Многу медиуми, слики, филмови и игри не го неутрализираат насилството и неморалното однесување, туку и го воздигнуваат. На секаде може да се сретнат видео спотови со голотија, како мажи им фрлаат пари на жени кои играат соблечени, се консумира алкохол, наркотици, се користи оружје и така натаму. Во сите медиуми постои толку многу насилство и вулгарност, што не може да се очекува дека влијанието на масовните медиуми врз младите во развој ќе биде позитивно.

- Економски промени: економијата се движи толку напред со толкава брзина, наградувајќи ги особено материјалистите. Социјално непосакувани предмети, прекумерност во модата и технолошките напредоци толку добро се презентирани на пазарот, што вешто ги манипулираат младите. Како резултат на тоа, се развива една неповолна атмосфера која неизненадувачки води кон непримерно однесување на младите, и во домот, и во училиштата и на концерти, претстави и така натаму, со еден збор – насекаде.

- Полова пристрасност: многу е жално во XXI век да се гледа како родителите, но и целокупното општество, прави разлика помеѓу маж и жена. Оној пол кој е попреферииран во одредени општества, добива на значаење и има општествено-променети морални вредности според кои се води, што доведува до појава на девијантно однесување, поради тоа што смета дека неговиот пол е супериорен и може да прави што сака.

- Желба за себедокажување: адолесценцијата е особено исклучителен период кога младите започнуваат да ги анализираат сите тематики, развиваат свои гледишта и ставови, рационализираат, но и се борат самите со себе, со својата персоналност. Желбата за себедокажување, често пати, ги насочува младите кон криминал и неморално однесување, како пушење цигари, пиење алкохол, користење на навредливи зборови, физички пресметки, сексуална злоупотреба и така натаму.

Статистичките податоци во многу земји покажуваат дека деликвенцијата во голема мера е групен феномен; меѓу две третини и три четвртини од сите малолетнички прекршоци се сторени од страна на членови на разни групи. Дури и оние малолетници кои сами вршат кривични дела, најверојатно, ќе бидат поврзани со групи. Според податоците на Руската Федерација, стапката на криминална активност кај малолетниците во групи е околу три до четири пати повисока од онаа на возрасни престапници. Криминалот кај малолетничка група е најраспространет кај 14-годишниците, а најмалку преовладува меѓу 17-годишниците. Стапките се повисоки за кражба, грабеж и силување, а пониски за убиство со предумисла и тешки телесни повреди (Ljubičić,2006).

Сличностите во основните карактеристики на однесувањето на малолетничките групи се наоѓаат во речиси секоја класа и културен контекст. Малолетничките врснички групи се познати по своите високи нивоа на социјална кохезивност, хиерархиска организација и одреден код на однесување засновано на отфрлање на вредностите и искуството на возрасните. Ретко се посветува внимание на субкултурниот аспект на активности на малолетничките групи. Различни младински групи го усвојуваат она што е доминантно за хетерогена мешавина или синтеза на (класно-засновани) вредности, кои се шират од забавната индустрија и меѓугенерациски (групирани) вредности, кои се превземаат од семејството или соседството. Субкултурите може да се дефинираат како посебни начини на живеење кои се развиени во групи и се наоѓаат во структурно подредени позиции како резултат на притисок од преовладувачките системи. Субкултурите ги одразуваат индивидуалните и групните обиди за решавање на структурните контрадикции. Еден од најважните аспекти на субкултурата е дека тие формираат модели на однесување кои имаат значителна симболичка вредност за инволвираните лица. Во моментов постојат различни субкултури во кои девијантно однесување и насилство играат важна улога. Некои групи и субкултури имаат тенденција да го користат насилството како средство за решавање на меѓучовечките конфликти и создадената атмосфера е важен посредник-

фактор кој придонесува за деликвентно или криминално однесување. Ова може дури да биде гледано и како субкултура на насилство, во која агресијата се смета за прифатлива и дури и подобар и храбар приод кон решавање на проблемите. Оние кои најверојатно ќе учествуваат во деликвентните активности се членови на територијални банди. Според статистичките докази, тие вршат три пати повеќе злосторства како малолетници и млади кои не се членови на банди. Студиите покажуваат дека најчестите кривични дела извршени од членови на банди се физички напади, улично изнудување и училишно насилство (Healey,2003).

Фактот што младинските групи секогаш постојат во локалните заедници, мора да се земе во предвид. Заедницата е дефинирана од сличните социјални карактеристики на нејзините жители, како што се членство во социјална класа или етничка група. Урбаните заедници им обезбедуваат на своите членови одредена секојдневна социјална удобност на локално ниво. Во услови на социјална разновидност и урбан раст, овие соседства, како руралните заедници, можат да ги балансираат социјалните интереси на групите. Членството во малолетнички групи понекогаш е основен елемент на социјализација. Неколку студии покажале можност за воспоставување врски помеѓу делинквентните групи и другите општествени институции – „симбиоза“ во која бандите можат, на пример, да работат на задоволување на потребите на заедницата. Во многу случаи, младинските деликвентни групи се влезна точка кон организиран криминал во подоцнежните, „возрасни“ години (Tremblay & Pare, 2003).

Интензитетот и сериозноста на малолетничките престапи, главно, се одредуваат од страна на социјалните, економски и културни услови кои преовладуваат во една земја. Постојат докази за универзално зголемување на малолетничкиот криминал што се одвива истовремено со економскиот пад, особено во сиромашните области на големите градови. Во многу случаи децата на улица подоцна стануваат млади престапници, затоа што со голема веројатност веќе се имаат соочено со насилство во нивната непосредна социјална средина, било како сведоци или жртви на насилни дела. Образовните достигнувања на оваа група се прилично ниски по правило, основните социјални искуства стекнати во семејството премногу често се недоволни, а социо-економската средина е одредена од сиромаштија и недоволна вработеност или невработеност. Причините и условите за малолетнички криминал обично се наоѓаат на секое ниво на општествената структура, вклучувајќи го и општеството како целина, општествените институции, социјалните групи и организации и меѓучовечки односи. Изборот на

малолетници за деликвентни кариери и како последица на овековечување на деликвенција се поттикнуваат широк спектар на фактори, кои се прикажани во Табела 1 и опишани подолу (Dixon, Howie & Starling, 2004).

### *Економски и социјални фактори*

Малолетничката деликвенција е поттикната од негативните последици од социјалниот и економскиот развој, особено економските кризи, политичката нестабилност и слабеење на големите институции (вклучувајќи ја и државата, системите за јавно образование и јавната помош и семејството). Социо-економската нестабилност често е поврзана со перзистентна невработеност и ниски примања кај младите, што може да ја зголеми веројатноста од нивното учество во криминални активности (Loeber, Farrington, Stouthamer-Loeber, Moffit, Caspy & Lynam, 2001).

**Табела 1. Ризик фактори кои влијаат врз појава на малолетничка делинквенција**

| **Домен** | **Ризик фактор** | |
|---|---|---|
| | **Ран почеток (6-11 години)** | **Доцен почеток (12-14 години)** |
| **Индивидуа** | Општи прекршоци<br>Употреба на супстанци<br>Машки пол<br>Агресија**<br>Хиперактивност<br>Проблематично (антисоцијално) однесување<br>Изложеност кон медиумско насилство<br>Медицински, физички проблеми<br>Низок коефициент на интелигенција<br>Антисоцијално однесување и верувања<br>Нечесност** | Општи прекршоци<br>Немирност<br>Потешкотии при концентрирање**<br>Превземање ризици<br>Агресија**<br>Машки пол<br>Физичко насилство<br>Антисоцијално однесување и верување<br>Криминал кон човечко суштество<br>Проблематично (антисоцијално) однесување<br>Низок коефициент на интелигенција |

| | | Употреба на супстанци |
|---|---|---|
| **Семејство** | Низок социо-економски статус/сиромаштија<br>Антисоцијални родители<br>Слаба родител-дете врска<br>Строга или неконзистентна дисциплина<br>Растурено семејство<br>Одвоеност од родители<br>Други услови<br>Злупотреба од родители<br>Запоставување | Слаба родител-дете врска<br>Строга или недоволна дисциплина<br>Слаб надзор над детето<br>Невклученост на родителите<br>Антисоцијални родители<br>Растурено семејство<br>Низок социо-економски статус/сиромаштија<br>Злоупотреба од родители<br>Семејни конфликти** |
| **Училиште** | Лошо однесување<br>Лоши перформанси | Лошо однесување<br>Лоши перформанси<br>Академски неуспех |
| **Врсничка група** | Слаби социјални врски<br>Слаби перформанси | Слаби социјални врски<br>Антисоцијални, делинквентни другари/пријатели<br>Членство во банди |
| **Заедница** | / | Криминал во соседство<br>Дрога<br>Дисорганизација на соседството |
| **самo машки пол | | |

***Извор: Адаптирано според Office of the Surgeon General, 2001.***

***Културолошки фактори***

Делинквентното однесување често се јавува во социјалните средини во кои нормите за прифатливо однесување се распаднати. Во такви околности многу од заедничките правила кои ги одвраќаат луѓето од извршување на општествено неприфатливи дејства ја губат својата важност за некои членови на општеството. Тие реагираат на трауматизирање и деструктивни промени во општествената реалност со прикажување на револт (бунт), девијантно однесување или дури и криминални активности. Пример за таква средина е модернизацијата на традиционалните општества и придружните промени направени со примена на нови технологии; промените од овој ред на големина влијаат на видовите и организацијата на трудот и активностите во средината, социјалните карактеристики, начинот на живот и условите за живеење и овие промени, за возврат, влијаат на структурите на власта, на формите на послушност и на начините на политичко учество - дури и одат толку далеку што ќе влијае врз перцепциите на реалноста (Ivanović-Kovačević, Mišić –Pavkov & Šobot, 2010).

Во развиените и во земјите во развој, стандардите на потрошувачите создадени од медиумите значително го надминуваат капацитетот на повеќето семејства да држат чекор со нив. Сепак, овие идеали стануваат виртуелна реалност за многу млади луѓе, некои од нив кои ќе одат дури до таму што ќе направат се за да живеат живот кој не можат да си го дозволат. Не сите групи на население имаат пристап до потребните ресурси, вклучувајќи образование, професионална обука, задоволително вработување и приход, здравствени услуги и соодветно домување, постојат оние кои не можат да ги постигнат своите цели во рамките на законските норми. Контрадикцијата помеѓу идеализираните и општествено одобрените цели и, понекогаш, ограничените можности за да ги постигнат тие цели во својот животен век, легитимно и легално создава чувство на фрустрација кај многу млади луѓе. Криминалната кариера станува една форма на адресирање на оваа контрадикција. Затоа, една од причините за делинквентното однесување е преголем фокус на предложените цели (постигнување успех), заедно со недоволно средства за да се постигнат (Lader, Singleton & Meltzer, 2005).

***Урбанизација***

Географската анализа сугерира дека земјите со повеќе урбанизирани популации имаат повисоки регистрирани стапки на криминал отколку оние со силен рурален начин на живот и рурални заедници. Ова може да се припише на разликите во социјалната контрола и социјалната кохезија. Руралните групи се потпираат главно на контролата на семејството и заедницата како средство за справување со антисоцијално однесување и покажуваат значително пониски стапки на криминал. Урбаните индустријализирани општествата имаат тенденција да прибегнуваат кон формални правни и судски мерки, безличен пристап кој се чини дека е поврзан со повисоки стапки на криминал. Културните и институционалните разлики се такви што одговорите на истиот прекршок можат да се разликуваат многу од една земја до друга. Тековниот процес на урбанизација во земјите во развој придонесува за малолетничка вмешаност во криминално однесување. Основните карактеристики на урбаната средина и поттикнувањето на развојот на нови форми на социјално однесување произлегуваат главно од слабеење на примарните општествени односи и контрола, зголемување на зависноста од медиумите на сметка на неформалната комуникација и тенденцијата за анонимност. Овие модели се генерирани од поголема густина на населеност, степен на хетерогеност и број на луѓе кои се наоѓаат во урбаните контексти (Wijk, Blokland, Duits, Vermeiren & Harkink, 2007).

Студиите покажуваат дека децата кои добиваат соодветен надзор од родителите помалку веројатно е да се вклучат во криминални активности. Дисфункционални семејни средини, карактеризирани со конфликт, несоодветна родителска контрола, слаби внатрешни врски и интеграција и прерана автономија, се тесно поврзани со малолетничката деликвенција. Децата во обесправените семејства кои имаат малку можности за легитимно вработување и се соочуваат со поголем ризик од социјално исклучување е премногу застапен фактор кај сторителите. Тешкотиите на етничките малцинствата и мигрантите, вклучувајќи ги и раселените лица и бегалците во одредени делови на светот, се особено вознемирувачки. Земјите во транзиција се соочуваат со особени предизвици во овој поглед, со придружна несигурност и превирања кои придонесуваат за зголемување на бројот на деца и малолетници запоставени од нивните родители и страдање од злоупотреба и насилство во домот (Sailas, Feodoroff, Virkkunen & Wahlbeck, 2005).

Семејството како општествена институција во моментов се соочува со значителни промени; неговата форма се диверзифицира со, на пример, зголемување на семејствата со еден родител. Отсуството на татковци во многу семејства со ниски приходи може да доведе до тоа да момчињата бараат модели на машкост во деликвентните групи на врсници. Овие групи во голема мера се гледаат како замена за семејството, ги дефинираат машките улоги и придонесуваат за присобирањето на атрибути како суровост, сила, возбуда и анксиозност. Важноста на благосостојбата на семејството се повеќе се препознава. Успехот во училиште многу зависи од тоа дали родителите имаат капацитет да ги обезбедат нивните деца со „почетни“ можности (вклучувајќи ги и ресурсите за купување книги, прирачници, да платат за школување и слично). Адолесцентите од семејствата со ниски приходи често се чувствуваат исклучени. За да ја зголемат својата самодоверба и да го подобрат својот статус, можат да изберат да се придружат на малолетничка делинквентна група. Овие групи обезбедуваат еднакви можности за сите, позитивно се разликуваат од училиштето и семејството, каде што позициите на авторитет се зафатени од возрасни индивидуи (Murrie, Cornell, Kaplan, McConvil & Levy-Elkon, 2004).

Кога младите луѓе се изложени на влијанието на возрасните престапници, тие имаат можност да го проучат деликвентното однесување и можноста за нивно ангажирање во криминалот причинет од возрасни станува пореален. „Криминализацијата“ на семејството, исто така, има влијание за избор кон делинквентна траекторија. Една студија спроведена во затворите во Обединетото Кралство наведува дека семејствата кои се вклучени во криминални активности имаат тенденција да ги туркаат своите помлади членови кон кршење на законот. Повеќе од две третини од интервјуираните имале роднини кои беа затворени; 25 отсто биле татковци, а други 25% брат или сестра (Moffitt, 1990).

***Медиуми***

Телевизијата и филмовите го популаризираа „култот на хероите“, кој промовира правда преку физичка елиминација на непријателите. Многумина истражувачи заклучиле дека младите што гледаат насилство имаат тенденција да се однесуваат поагресивно или насилно, особено кога се испровоцирани. Ова е главно карактеристично за 8- до 12-годишни момчиња, кои се подложни на такви влијанија. Медиумите ги „водат“ поединците кон насилство на три начини. Прв начин, филмовите што демонстрираат насилни акти ги возбудуваат гледачите и агресивната енергија потоа може да се пренесе во секојдневниот живот и поединци  да се вклучат во физичка пресметка на улиците. Овој тип на влијание е привремен, трае од неколку часа до неколку дена. Втор начин, телевизијата може да прикажува обично, дневно насилство извршено од родители или врсници (наметнување на казни за неуспехот на училиште или за прекршување на одредени правила или норми на однесување) (Moffitt,1993). Невозможно е да се најде телевизиски приказ кој не прикажува такви модели на насилство, бидејќи одобрувањето на гледачот на таквиот тип на програмирање, доведува до овековечување на лошото однесување. Како резултат на тоа, децата постојано се изложени на примена и практикување на насилство во различни ситуаци, а бројот на насилни чинови на телевизија се чини дека се зголемуваат. Трет начин, насилството прикажано во медиумите е нереално и има надреалистички квалитет; раните крварат помалку и вистинската болка и агонија што резултира од насилни дејства многу ретко се прикажани, па последиците од насилното однесувањето често изгледа незначително. Со текот на времето, телевизијата предизвикува промена во системот на човечките вредности и индиректно ги наведува децата да го гледаат насилството како посакувано и рамноправно, како храбар начин на повторно воспоставување на правдата. Американската психолошка асоцијација ги има разгледувано ваквите наводи и дошла до заклучок дека телевизиското насилство е одговорно за околу 10% од агресивното однесување кај децата (Vincent, Vitacco, Grisso & Corrado, 2003).

***Исклученост***

Растечкиот јаз меѓу богатите и сиромашните довел до појава на „несакани други лица“. Исклучувањето на некои луѓе постепено се зголемува со акумулацијата на препреки, кршење на социјалните врски, криза од невработеност и идентитет. Системи на благосостојба кои обезбедиле олеснување на состојбата, но не ја елиминирале скромната социо-економска позицијата на одредени групи, заедно со зголемената зависност на семејствата со ниски приходи за услугите на социјалното осигурување, придонеле за развој на „нови сиромашна“ класа на многу места на планетава. Симболичкото исклучување од општеството на малолетниците кои имаат извршено дури и мали прекршоци имаат важни импликации за развој на деликвентни кариери. Истражувањата покажуваат дека чинот на етикетирање може да доведе до самостојно усвојување на деликвентна слика, која подоцна резултира со деликвентна активност.

***Врсничко влијание***

Членство во деликвентна банда, како членство во било која друга природна групација, може да биде дел од процесот на станување возрасен. Преку ваквите примарни здруженија, поединецот добива чувство на сигурност и безбедност, развива познавање на социјалната интеракција и може да покаже такви квалитети како лојалност или лидерство. Во „возрасното“ општество, факторите како што се социјален статус, приватна благосостојба, раса и етничка припадност, се од голема вредност; сепак, сите членови на адолесцентни групи, во суштина, се во еднаква положба и имаат слични можности за напредување. Во овие групи, благосостојбата целосно зависи од квалитетите на личноста, како сила, волја и дисциплина. Мошне често делинквентните групи можат да создадат противтежа или да компензираат за несовршеностите во семејството и училиштето. Бројни студии покажале дека членовите на малолетничка банда сметаат дека нивната група е фамилијарна. За адолесцентите кои постојано се соочуваат со насилство, кои припаѓаат на банда, сметаат дека можат да обезбедат заштита во рамките на соседството. Во некои области, оние кои не се вклучени во банди постојано се соочуваат со закани од напад, угнетување, вознемирување или изнудување на улица или на училиште (Lahey, Moffitt & Caspi, 2003).

### *Деликвентски идентитет*

При утврдувањето на причините за криминалното однесување, важно е да се одреди кои фактори придонесуваат за делинквентен идентитет и зошто некои адолесценти кои ја прифаќаат деликвентната слика не ја отфрлаат таа слика во процесот на стареење. Делинквентниот идентитет е доста сложен и всушност е преклоп од неколку идентитети поврзани со самата деликвенција и со етничката припадност, раса, класа и пол. Делинквентниот идентитет секогаш е конструиран како алтернатива на конвенционалниот идентитет од поголемото општество. Насилството и конфликтот се неопходни елементи во изградбата на групни и делинквентни идентитети. Темелите на групниот идентитет и активност се воспоставени и зајакнати преку одржување на конфликтни односи со други малолетнички групи и општество како целина. Насилството служи за интеграција на членови во група, зајакнувајќи го своето чувство за идентитет, а со тоа и забрзување на процесот на групно прилагодување кон локалната средина (Šobot, Ivanović-Kovačević & Marković, 2010).

Други фактори кои можат да обезбедат мотивација за приклучување кон банда се можностите за економски и социјален напредок. Во многу социокултурни контексти, деликвентниот начин на живот е до одреден степен романтизиран, а приклучувањето кон бандата е еден од неколкуте канали за социјална мобилност, достапни за обесправените млади. Според едно мислење, урбаните младински банди имаат стабилизирачки ефект врз карактеристиките на заедниците поради недостаток на економски и социјални можности (Listwan, 2001).

## 1.3. Морал и морални вредности

Моралот е збир на правила, норми, начела на човековото однесување во општеството и ги уредува односите во општеството и ги уредува меѓусебните односи на луѓето во заедницата. Секое општество создава определен систем на морални норми и непишани правила на однесување, односно морални својства, како што се: вистинољубивоста, доброто, разумноста, умереноста, храброста, правичноста наспроти злото, неправдата, неумереноста, лагата (Andersen, Tapert, Moadab, Crowley & Broun, 2007).

Моралот е збир на правила и норми на човековото однесување.Моралот опфаќа широк дијапазон на човекови однесувања кои се манифестираат преку постапките на луѓето, обичаите, навиките и општествената норма. Моралот мора да се сфати како динамичен феномен на проценување на однесувањето во интерперсоналните односи. Во сите постапки и односи кон општеството, меѓусебно сите луѓе се придржуваат на обичаите, навиките, нормите или правилата на однесување. Луѓето мора да се однесуваат во рамките на законските прописи како би ги избегнале санкциите. Во тоа е суштинската разлика помеѓу моралните и законските норми на однесувањето. Според Кант „Моралниот закон е априорен како и природните закони“. Моралот не е наука со која можеме да постанеме среќни, туку како да станеме достојни на среќата. Човекот како свесно суштество е законодавец на надворешниот свет и како морално суштество тој е личен законодавец и припадник во една иста личност. Моралот не доаѓа од надвор, туку тој е облик на општествениот свет. Тој означува правилно или неправилно однесување помеѓу луѓето и помеѓу општеството, а објект на моралната оцена е човекот. Моралот на здравствените работници е интегрален дел помеѓу општиот морал во општеството и означува правила на однесување во професионалната пракса, топлина на меѓучовечката комуникација, односот на здравствените работници со пациентите и односот кон општеството. Во која мера поединецот ќе се најде самиот себе во кругот на професионалната етика зависи од неговото образование и воспитание, како и конституцијата на личноста и моралната изграденост како психичка функција. Моралноста на личноста зависи од квалитетот на моралната интеракција, на моралното разбирање од една и моралното однесување од друга страна. Успешноста и квалитетот на индивидуалниот етички став зависи и од нивото на свеста, интелигенцијата, емоционалната и нагонска активност на личноста, чувство за одговорност, лична желба,

обичаите и општествените норми кои се содржат во законодавството (Patrick, Curtin & Tellegen, 2002).

Асоцијалното однесување кое претходи на посериозните облици на престапничко однесување (криминалот и прекршоците) претходи различни облици на несакани нарушувања во однесувањето, кои се јавуваат уште од најраната возраст. Со други зборови, најголемиот број малолетни деликвенти за време на основното образование манифестирале различни форми на нарушувања во однесувањето коишто не се директно поврзани со учењето и постигнатиот успех. Таквото однесување во научната и стручната јавност се нарекува предделиквентно. На деликвентното однесување најчесто му претходат однесувања што настануваат како последица на недоволното знаење, немање свест, социјално и емоционална незрелост, заинтересираност, постоење предрасуди, стереотипи и слично (Киткањ, 2014).

Од когнитивно-развојна перспектива, способноста за морално резонирање е во согласност со когнитивниот развој на личноста. Способноста за морално резонирање е одредено од когнитивниот капацитет на индивидуата за разбирање и почитување на универзално прифатливите решенија за морални прашања. Способноста за морално резонирање се развива со текот на возраста по специфичен редослед (Šobot, 2009):

1. Преконвенционална моралност, кај која дејствата се класифицираат како правилни и прогрешни, врз основа на очекуваните последици, како што е казна или неодобрување. Во оваа фаза, правилата и општествените очекувања се наметнати однадвор, преку фигурите на авторитет.

2. Конвенционална моралност, кај која дејствијата се проценуваат врз основа на коментарите на другите луѓе, а сопственото „јас“ ги интернализира овие правила како принципи на владеење.

3. Пост-конвенционална моралност, кај која сопственото „јас“ и социјалните правила и очекувања се разликуваат и се применуваат повисоки морални вредности и етички принципи за да се проценат индивидуалните дејствувања.

Целта на моралната норма е да ги регулира меѓучовечките односи, но и да ја одредува суштината и целта на човечкото живеење. Во оваа смисла, целта на моралната норма се одредува со поимот морално добро (морална вредност, вредносен систем) или, едноставно, „добро“ правилно, врвно), односно „зло“ (неисправно, лошо). Затоа, во праксата поимот „морал“ подразбира што е добро, а што лошо, што е исправно, а што е неисправно - пред сè, од аспект на меѓучовечките односи и односите на поединецот спрема општеството во целина. Моралот се манифестира во вредносното проценување на човечкото однесување и постапки и сакањето на позитивните или негативни вредности. Моралниот суд или оцена се однесува на некоја постапка, расудување, држење, однесување или карактерот на некој човек или на нас самите. Објект на моралната оцена е, значи, секојпат само човекот. Врз основа на тоа можеме да кажеме дека моралот е активно човеково обликовање и оценување на себе и другите луѓе како добри или лоши. Моралот појдовно треба да се разбере како збир на непишани општествени норми по кои луѓето го формираат своето расудување и го усмеруваат своето однесување во односите со другите луѓе во општеството или во потесната социо-група на која и припаѓаат. Покрај моралните постојат и други норми како правила на однесување со кои се регулираат општествените односи, а тоа се, на пример, религиозните и обичајните норми. Нормите се засноваат на општоусвоените морални вредности од аспект на спротивности, добро-лошо, исправно-неисправно, чесно-нечесно, вистинито-невистинито (лажно) итн. Нормите влијаат на ставовите на човекот и ги детерминираат неговите постапки спрема другите, регулирајќи ги интерперсоналните односи. Затоа моралот е важен чинител на кохезија помеѓу луѓето по припадност - иста група или иста социо-заедница (Mitrović & Smederevac, 2007).

## 1.4. Поврзаност на моралните вредности со појавувањето на малолетничката деликвенција

Моралноста е важен фактор кој обезбедува единство во донесувањето морални одлуки и одлуки за морално делување. Според тоа, односно според теоријата за когнитивен развој, младите лица се морално помалку созреани и покажуваат склоност кон впуштање во делинквентно однесување (Smederevac & Mitrović, 2006).

Независно од степенот на интегрираност на општеството и социјализацијата на поединците во него, покрај општоприфатените морални норми кои важат за целата заедница, постои и личен морал кој го создава поединецот за себе. Тој ги опфаќа најважните морални норми на општеството и специфичната индивидуална надградба која поединците, зависно од степенот на нивната индивидуализација, ја создаваат за себе. Општествениот и личен морал меѓусебно се вкрстуваат и условуваат. Карактеристично за моралните норми е тоа што тие стануваат составен дел од животот на општеството дури откако ќе бидат прифатени од мнозинството. Моралот не се создава наеднаш, свесно и плански. Неговото создавање зависи од појава на соодветни морални ситуации кои бараат да бидат соодветно морално регулирани. Моралните норми по правило се создаваат постапно и многу ретко настануваат наеднаш во поголем број. Моралот се менува, пред сѐ, со менување на материјалните услови за живот, како и со менување на организациско-институционалните структури на општествата. Врз неговото менување влијаат брзите интеграциски процеси во светски рамки, материјализирани во мас-медиумите, интернетот и многуте новини што ги носи техничко-технолошкиот развој. Брзината и интензитетот на менувањето на моралните норми и вредности зависат од големината на општеството и од неговата традиција. Доколку станува збор за општество со подолга традиција, неговиот морал потешко и побавно се менува. Исто така, брзината на менување на моралот зависи и од зачестеноста на драматичните настани што се случуваат во некоја заедница, како и од историските настани (Cruise, , Colwell, Lyons & Baker, 2003).

Постојат повеќе од педесет значајни студии кои го поврзуваат моралот и делинкветноста, а тргнуваат од когнитивната теорија. Сите тие истражуваат наведуваат дека постои негативна врска помеѓу моралното резонирање и деликвентноста, особено помеѓу малолетните лица, и тоа повеќе кај машкиот пол, отколку кај женскиот пол.

Оттука, истражувањата покажале дека главната причина зошто некои млади лица се воздржуваат од впуштање во девијантно однесување, не е тоа што тие се плашат од последиците, туку дека нивните морални вредности, едноставно, спречуваат од починување на некое казниво, непримерно дело; моралот не им дозволува дури ни да помислат на такво нешто, а не и да го сторат. Главните карактеристики на младите кои се резистентни кон впуштање во криминални дела се тоа што поседуваат морални вредности кои се во блиска корелација со законот и имаат поголема само-контрола (Frick & Marsee, 2006).

Кај оние лица кај кои моралните вредности се на многу ниско ниво и живеат во услови во кои има недостаток на морал и се во близок контакт со криминални активности, не се јавува чувство на вина или двоумење за криминално дејствување и имаат тенденција на импулсивност и кратковидост, со минимални морални вредности и атрибути, со што се ранливи кон искушението за криминал, односно се склони кон девијантно, делинквентно однесување (Patrick, Hicks, Nichol & Krueger, 2007).

Треба да се наведе дека врз развојот на моралните вредности кај малолетните лица, голема улога имаат социјалната интеракција со родителте, семејството и друштвото со кое се дружи лицето, односно, начинот на живот. Најважен фактор за развој на морални вредности е семејството. Кога се распаѓаат вредностите кај возрасните, детето е првиот медиум врз кој се рефлектираат долгорочните последици. Процесот на секуларна либерализација на човековите права во западната култура, општество, морал и фамилија кои трае повеќе од сто години, има донесено противречни и антагонизирани промени за „прогрес" кои се почесто се манифестираат како регрес. Детето не е кодирано да разликува либерални или конзервативни, леви или десни идеологии, меѓутоа тие се одразуваат на детскиот ментален, емотивен, морален и социјален развој, во семејството и училиштето, особено кога му се наметнати како задолжително учење или прифатливо искуство од средината - за она што е прифатливо и дозволено, а што не. Академските истражувања следат статистики спрема кои структурата на семејството со традиционални морални вредности (што вклучува двајца биолошки, двополови родители) има пресудно позитивен импакт врз поведението и перформансите на детето (Farrington, 2006).

Моралните вредности по развивањето кај една индивидуа претставуваат стандарди по кои истата ке се води во иднината. Влијанието за градење на моралните вредности е

директно поврзано со примарните и секундарните фактори на социјализација. Тие фактори одредуваат дали лицето ке има околина која ке го насочува да се стреми кон делинквентно однесување или пак кон морално морално правилно изградена личност. Сиромаштијата и лошиот начин на живот претставуваат поттикнувачи на делинквентно однесување. Местото изградено од индивидуи со слаба општествена кохезија прави незадоволните деца од правилата на играта на општеството да ги прекршат истите и да бидат и да бидат охрабрени во тоа од страна на групата во која припагаат.

Примарниот фактор на социјализација го претставува семејството, во кое родителите ја имаат улогата на градењето на децата од нивната најмала возраст. Во денешните времиња родителите се многу загрижени за тоа дали нивните деца ке завршат факултет и ке заработуваат високи плати, но се многу малку оптеретени со всадување на правилни морални вредности. Многу родители знаат да ги запостават своите деца на емоционален план бркајки кариери со цел да можат да им обезбедат посигурна иднина во материјален аспект. Со тие одредени шаблони на однесување се градат морално флексибилни карактери како членови на општеството кои не би ги почитувале правилата за да го добијат тоа што го сакаат.

Секундарните фактори на социјализација претставуваат институциите, друштвото, образовните системи, мас медиумите и слично кои исто така имаат енормно влијание врз градењето на моралните вредности на индивидуите. Децата поминуваат многу голем дел од времето со своите врсници и од нив можат да научат многу позитивни и многу негативни однесувања. Најчест случај на извршување на кривични дела од страна на малолетници е направено од страна на групи. Многу ретко се случува тоа некој да го направи сам. Слабите образовни системи се базираат најчесто на учење на научни курикулуми и многу малку имаат за цел да направат промена на подобро во градењето на позитивни морални личности од своите ученици. Масовните медиуми во модерното општество имаат енормно влијание врз градењето на децата во морално правилно изградени личности. Особено интернетот пружајки огромен број на информации на своите корисници, занемарувајки ја нивната возраст има клучно влијание во градењето на карактерот на децата кои го користат. Насилнити видео игри, филмовите и сериите со содржини кои се забранети за малолетниците не секогаш успеваат да бидат сокриени

.

При сегрегација на примарните и секундарните фактори на социјализација во модерните општества мора да се нагласи дека поделбата на овие фактори е многу различна од тоа што била во минатото. Децата во модерните општества на најраната возраст се институционализирани и многу поголем дел од времето го поминуваат во тие институции одколку во семејството со што мора да се нагласи прашањето: кој фактор има повеќе влијание во градењето на една личност, семејството или сите останати секундарни агенси со кои детето поминува многу повеќе време!?

Вредностите се формираат низ процесот на социјализација. Луѓето нив ги усвојуваат во зависност од условите во кои живеат. Во тој процес главна улога имаат агенсите на социјализација, меѓу кои најмногу семејството. За тоа зборува Фром, кога истакнува дека „семејството може да се смета за психолошки агенс на општеството". Вредностите манифестираат релативна трајност, но и покрај тоа можат да семенуваат според неколку критериуми (Farrington, 2000):

- временска димензија - менување на традиционалните вредности на рела- ција минато-сегашност и на релација сегашност-иднина;

- нивно остварување - менување поради остварување на одредени вредности или менување поради неостварување на вредностите, при што се зборува за алиенација, аномија, расчекор меѓу идеалите и праксата, дезинтеграција и слично. Неостварувањето на вредностите најнапред доведува до нивно засилување, а потоа до нивно слабеење и конечно до замена со други вредности;

- животни периоди на поединецот, се зборува за промена на вредностите во адолесценцијата, возрасниот период и сично;

- општи фактори кои придонесуваат вредностите да се променат, може да се зборува за културно-историски промени, за општествениот систем и така натаму.

Општа претпоставка е дека општествените фактори се значајни за усвојување и одржување на вредносниот систем на децата. Не е основано да се очекува дека секоја промена на општествените услови ќе доведе и до менување на вредностите и вредносните ориентации. Сепак, познато е дека силни и ненадејни општествени случувања го разнишуваат вредносниот систем и можат да предизвикаат менување на вредносните приоритети, како и отфрлање на некои стари и усвојување на нови

вредности. Во таа смисла, станува збор за така наречени конгруентни промени (кога се менува само степенот на прифаќање на веќе усвоените вредности) и неконгруентни промени (кога се напушта старата и се усвојува друга, честопати сосема спротивна вредност). Доколку новонастанатите општествени ситуации и процеси не предизвикаат институционални промени, нивното влијание може да се реализира преку менување на неговата материјална и општествена положба, преку медиумите и разни неформални влијанија кои можат да се соединат и доживеат како доминантна општествена клима. Во сето ова значајна улога играат механизмите на конформирање и имитација на претпоставеното мнозинско мислење. Доколку се случиле и институционални промени постои можност некои вредности да бидат поприфатени од страна на мнозинството, бидејќи им е даден легалитет и се ставени во рамноправна, па дури и поповолна положба во однос на другите вредности. Ефектот на институционалните промени зависи од тоа дали се работи за млади луѓе кои се наоѓаат во формативниот период или за возрасни граѓани со веќе оформен и зацврснат вредносен систем. Институционалните промени се провлекуваат и во воспитните цели, во наставните планови и програми, така што новите генерации неизбежно се соочуваат и со нови, различни вредности (Douglas, 2003).

Еден од најголемите проблеми со кои денес се соочуваат општествата е моралната криза. Емпириските докази укажуваат дека детериорацијата на стабилните бракови и семејства е нејзин главен извор, бидејќи децата ги учат моралните вредности главно во рамките на семејството, потпирајќи се врз родителските модели. Кога семејствата се нестабилни, кога родителите се отсутни, емоционално далечни, или преокупирани со проблеми и обврски или кога и самите се неморални, учењето на моралните вредности е мошне отежнато. Ваквите резултати, во одреден степен, се последица од влијанието на насилните структури, култури и актери кои водат до структурно, културно и директно насилство. Оваа состојба го нарушува процесот на социјализација и го засега оптималниот развој на адолесцентите. Во текот на процесот на индивидуација и оддалечување од родителскиот авторитет и модел, тие се препуштени на модели промовирани од медиумите, врсниците и општеството во целина, кои честопати се насилни и негативни. Ваквите влијанија се манифестираат во менувањето на вредносната хиерархија од аспект на претпочитаните вредности, во претпочитаниот стил на живеење, во верувањата, ставовите, во сè поголемата насоченост кон себе, во нетрпеливоста, отуѓеноста и така натаму.

Реалната слика на вредносно-моралната ориентација не е секогаш во склад со барањата на граѓанското општество. Вредностите и моралните норми кои се вистински показатели на доброто, посакуваното и правилното, не се секогаш предуслов за напредок и успех на поединецот. Од една страна, од младите се бара да се однесуваат во склад со пропишаното и правилното, учејќи дека само со прифаќање на позитивните, правилни и вистински принципи и животни ориентации ќе постигнат индивидуален успех и ќе заземат соодветно место во општествената хиерархија. Но, во секојдневието младите се соочуваат со низа примери на успешни млади луѓе, етаблирани во општеството, материјално добро ситуирани, признати и познати, луѓе кои апсолутно правично и чесно не дошле до тоа што го имаат и кај кои отсуствува вредносна кохезија и постои сомнителна морална позадина (Kostic, 2013).

Деградацијата на моралните вредности помеѓу малолетниците е од исклучително значење во современата хумано-истражувачка сфера. Моралноста се однесува на соодветноста на делата кои ги починува младото лице, на тоа што мисли и чуствува. Моралноста помага во донесување на правилна морална пресуда, а со тоа спречува развој на неприфатливо однесување (Kourakis, 2003).

## 2. Превенција на малолетничка делинквенција

Насилството врз децата ги загрозува нивните основни човекови права. Затоа, императив да се убедат поединците и институциите да посветат време, пари, експертиза и други ресурси потребни за решавање на овој глобален проблем. Бројни институции на Обединетите нации го покажуваат преференци кон избор на социјален, а не на судски пристап кон контролирање на малолетничката деликвенција. Упатствата од Ријад наведуваат дека спречувањето на малолетничка деликвенција е суштински дел од целокупната превенција на криминалот во општеството и Стандардните минимални правила на Обединетите нации за администрација на малолетничка правда (Пекиншки правила), препорачуваат да се воведат позитивни мерки за зајакнување на целокупната благосостојба на малолетникот и намалување на потребата за државна интервенција (Mesch, Turjeman & Fishman, 2008).

Се смета дека интервенцијата во рана фаза претставува најдобар пристап за спречување на малолетничка деликвенција. Превенцијата бара индивидуални, групни и организациски напори насочени кон превенција и одвратување на адолесцентите од кршење на законот. Различни земји користат различни методи за да се обесхрабри деликвентно и криминално однесување. Некои се фокусираат на казнена превенција со намера да ги исплашат потенцијалните престапници, осигурувајќи дека тие ја разбрале можноста за тешка казна или да се преземат мерки за да се спречи повторувачки криминал, кој вклучува објаснување на негативните аспекти на прекршок и се обидува да ги помири престапниците и нивните жртви (Mulder, Vermunt & Brand, 2012).

Раната превентивна работа се спроведува во неколку области. Во рамките на економскиот сектор, програмите за професионален развој се формирани за да обезбедат правна алтернатива за генерирање приходи. Снабдување на адолесцентите и млади луѓе со зголемени економски можности, професионална обука и образование, нови работни места и помош при организирање бизниси може да помогне во спречувањето на вклученост на младите во делинквентни активности.

Едукативните програми им помагаат на младите луѓе да научат како да се вклучат во позитивна самопроценка, справување со конфликти и контрола на агресијата. Некои програми може да бидат наменети за работа со проблематичната младина за да им помогнат да развијат социјални и когнитивни вештини потребни за да се избегне

конфликт и контрола на агресијата. Деца одгледани во силни семејства, квалитетни училишта и здрави заедници обично ги развиваат овие вештини со текот на времето (Papageorgiou & Vostanis, 2000).

Често е можно да се намали нивото на малолетничка деликвенција со менување на урбаната средина, менување на физичките карактеристики преку архитектонско и пејзажно планирање и обезбедување можности за вклучување на интересите на младите луѓе. Студијата спроведена во еден град во САД дошла до докази дека повеќето од активностите на младинските деликвентни групи биле концентрирани околу единствениот парк во градот. Изгледот на паркот бил редизајниран за да создаде многу повеќе рекреативни алтернативи за малолетниците и нивните родители. Овие мерки довеле до значително намалување на малолетничката деликвенција (Sharma R.M. & Sharma R.K., 2006).

Се чини дека семејството, како примарна институција на социјализација, најмногу игра улога во спречувањето на впуштање на детето во и малолетничката деликвенција. Најимпресивните напорите за превенција се фокусираат на семејствата на проблематичните млади, вклучувајќи ги и оние млади луѓе со сериозни проблеми во однесувањето.

Многу земји сé уште имаат „казнени“ програми за превенција кои се обидуваат да ги потиснат малолетнички и младински прекршоци, како и регрутирање и проширување на криминалните банди, преку надзор (континуирано следење на полицијата) и гонење. Потиснувањето е форма на активна интервенција која целосно е легитимизирана од страна на државата. Бидејќи се верува дека овој пристап е инхерентно „правилен“, тој не бара посебно оправдување или евалуација на резултатите. Овој тип на пристап, генерално, ги исклучува напорите за промоција на соодветно однесување, фокусирајќи се наместо тоа, да спречи несакано однесување. Сепак, агресијата од страна на властите во многу случаи може да придонесе за понатамошна интеграција на младите во делинквентни групи. Чисто превентивните (или супресивни) напори не се многу ефикасни за младите луѓе кои веќе се во неволја. Мнозинството злосторства се извршени од релативно мал број на повторувачки престапниците кои обично покажуваат сериозни проблеми во однесувањето уште од раното детство. За нив, најверојатно е

потребен поинтензивен, индивидуализиран третман (Slotsve, Karmen, Sarver & Villareal-Watkins, 2008).

Спречувањето на повторувачки криминал најдобро се постигнува преку „ресторативна правда“, што вообичаено се врши од страна на невладини организации и локални заедници. Ресторативната правда се смета за алтернативен начин на кривичната правда. Таа вклучува процес во кој сите страни кои имаат удел во конкретен прекршок да се соберат заедно и колективно одредуваат како најдобро да се справат со последиците од прекршок и неговите импликации во иднина. Престапникот, преку интеракција со жртвата, мора да ја разбере сериозноста на инцидентот и заедно со жртвата и социјалните работници да развиваат серија чекори кон помирување, организирање репарации на штетата и обезбедување каква било помош што може жртвата да ја побара. Ако се случи успешна резолуција, малолетникот не е сместен во воспитно-поправен дом или етикетиран како деликвент, со што се избегнува влијанието на околината (затвор) што може да го засили некоректното однесување (Staff & Kreager, 2008).

Еден од клучните елементи на ресторативната правда е помирувањето помеѓу сторителот и жртвата, процес неопходен не само за поравување на однесувањето на сторителот, туку и за враќање на правдата за жртвата. Заштита и поддршка на жртвите и сведоците се препознаваат како важен основен елемент на севкупната превенција на криминалот и стратегиите за контрола на криминалот. Мерките за поддршка го намалуваат влијанието на криминалот врз оние кои се директно засегнати и се неопходни за зачувување и заштита на жртвите и сведоците во процесот на кривичната правда. Исто така, помага во истрагата и гонење на криминалот преку олеснување на соработката помеѓу жртвите, сведоците и агенциите за спроведување на законот и обвинителството.

## 2.1 Вoинституционални мерки за ресоцијализација

Ресторативната правда е широка теоретска рамка која предлага алтернативи на моменталните сваќања за криминалот и криминалната правда. Ова ново движење во областа на виктимологијата и криминологијата ги нагласува механизмите со кои криминалот ги нарушува односите во контекст на заедницата. Внесувајки иновации во кривично-правниот законодавен систем, училиштата, социјалните служби и заедниците, ресторативните решенија ги инволвираат сите засеганти страни: оштестевените, сторителите и заедницата во изнаоѓање на решенија кои промовираат поправање, помирување и повторно градење на односите. Ресторативната правда настојува да гради партнерства, повторно да воспоставува обострана одговорност за конструктивни одговори на општествено неприфатливото однесување. Овој пристап се темели на вредности како инклузија, демократија, одговорност, репарација, безбедност, реинтеграција и респект (International Journal of Behavioral Consultation and Therapy, 2006).

Разликата помеѓу ретрибутивна и ресторативна правда при што ретрибутивната правда го гледа криминалот како акт против државата т.е системот и се фокусира на мерки и санкции против прекршувањето на законот. Наспроти ова ресторативната правда го гледа криминалниот акт како акт против личноста и ги инволвира жртвите, сторителот и заедницата настојувајќи да ја поправи нанесената штета на жртвата/оштетениот и да го обнови нарушениот однос помеѓу жртвата и заедницата (Bynum & Thompson, 2005).

Ресторативната правда ја заменува процедуралната и професионалната контрола на системот со поголема вклученост на заедницата, така што успехот на овој модел подразбира поголема активност на граѓаните. Моделот на балансирана и ресторативна правда ја заменува парадигмата на казна наспроти третман со комплетно нов пристап во рехабилитацијата на малолетни сторители на кривични дела. Овој модел е фокусиран на кривична одговорност, обесштетување и ангажираност на задницата. Ресторативната правда цели кон заштита на зедницата, како еквивалент на она треба да се постигне со лишувањето од слобода. Овој модел овозможува реставрирање на врската помеѓу сторителот и зедницата, преку обезбедување услови за развој на личноста, зголемување на нејзините компетенции и продуктивност. На овој начин, рефокусирајќи ја неговата

енергија, му се овозможува на сторителот да се  реинтегрира и да остане во зедницата, истовремено обештетувајќи ја неговата жртвата (Cromwell, Carmen & Alarid, 2002).

Филозофијата на ресторативна правда овозможува создавање на екстензивни програми за рехабилитација на малолетни сторители на кривични дела базирани во заедницата и/или институционални форми на третман на ресоцијализација. Сторителот учествува во рехабилитациони програми кои му овозможуваат личен и професионален развој, како и го оспособуваат да биде продуктивен член на зедницата. Програмите за рехабилитација базирани на овој пристап се флексибилни, при што барањата т.е. условите за секој поединец можат да се модифицираат согласно потребите на сторителот, жртвата, заедницата или ограничувањата на одреден географски регион.

Идејата за вон-институционален третман на ресоцијализација долго е предмет на дебата помеѓу членови на зедницата и професионалци од оваа област. Од една страна постои идејата за лишувањето од слобода како најсоодветната мерка, каде приоритетот е поставен на безбедноста на зедницата наспроти рехабилитација на малолетниот сторител. Од друга страна се наоѓаат следбениците на идејата за примена на најмалку рестриктивниот метод на рехабилитација на малолетните лица. Успешната реинтеграцијата на малолетните сторители во општеството и намалување на степенот на повторување кај оваа популација е една од универзално прифатените цели на третманот на ресоцијализација, без разлика дали истиот се одвива во институционална или вон-институционална форма. Повторот како специфичен проблем за казненото право и криминалната политика ја тестира ефикасноста на казната во остварување на заштитната функција. Оттаму, намалувањето на степенот на повтор претставува индикатор на ефикасноста на третманот на ресоцијализација и главен аргумент во прилог на третманот базиран на принципите на ресторативната правда. Истражувањата покажуваат позитивни резултати од програмите базирани на ресторативната правда. Малолетните сторители осудени во согласност со практиките на ресторативната прадва покажуваат помал степен на поврат. Во услови кога малолетничката деликвенција станува се посложен и универзален проблем интернационалната зедница е согласна дека целите на еден хуман кривично-правен систем можат најдобро да се реализираат со реинтеграција и рехабилитација на сторителите на кривични дела со примена на најмалку рестриктивни мерки. Бројни инструменти на Обединетите Нации го преферираат социјалниот наместо кривично- правниот пристап во справување со малолетничката деликвенција како централен фокус на националната политика за деца

и млади. Администрацијата на малолетничка правда треба да биде децентрализирана, со цел локалната влст активно да се вклучи во превенција на малолетничкиот криминал и реинтеграција на малолетните престпници во општетството, преку проекти за помош и подршка и развивање на одговорно граѓанство (Bynum & Thompson, 2005).

Со меѓународен консензус е прифатено дека лишувањето од слобода како мерка изречена на малолетно лице се применува само во краен случај и за краток временски рок (Конвенција за правата на детето, член 24). Со исклучок на случаите кога сериозноста и тежината на делото налагат поинаку, се преферира вон-институционален третман, базиран во зедницата, која треба да овозможи соодветен третман и услуги, со цел да се олесни реинтеграцијата на малолетните лица во општеството (International Journal of Behavioral Consultation and Therapy, 2006).

Постојат неколку претпоставки врз кои се базира вон-институционалниот третман на ресоцијализација. Една од теориите е дека изворот на негативното однесување е срединскi, така што засилување на врската на малолетното лице со заедницата ќе го намали деликвентното однесување. Друга е дека семејството е најсилната алка во природниот систем за подршка на малолетното лице. Третманот на рехабилитација во семејно опкружување ја зголемува веројатноста за позитивен исход, бидејќи за време на процесот се идентификуваат и се третираат не само проблемите на индивидуата туку и суштинските проблеми. Исто така кога третманот се одвива во природната средина на индивидуата, се овозможува искористување на природните ресурси на зедницата, засилувајќи ги врските на малолетното лице со заедницата, обезбедувајќки силна подршка од заедницата. Корективните мерки и третманот на ресоцијализација се поефикасни во природни средини како што е заедницата како природен локус на правни, социо-економски и културни промени и развој. Вонинституционалните мерки на помош и заштита во заедницата им овозможуват на малолетните лица да се адаптираат на тие промени на пореалистичен и флексибилен начин (Farrel & Clark, 2004).

Бројни евалуациски истражувања покажуваат дека заводските мерки (сместување на малолетните лица во воспитни и воспитно-поправни установи) и малолетничкиот затвор не се ефикасни во рехабилитацијата на малолетните престапници и можат да имаат дополнителни негативни ефекти врз личноста. Ограничувањето на слободата доведува до проблеми поврзни со стигматизација и десоцијализација на престапникот, спротивни

на самата цел на третманот. Често репресивните услови го оневозможуваат потенцијалниот развој на личноста и поттикнуваат зависност и недоверба кај малолетното лице. Понатаму затворите ја поттикуваат формацијата на субкултури помеѓу затворениците, како компензација на ефектот на депривација и условите во затворите кои се често ригидни и арбитрарни. Проблемот на пренеселеност на затворите и нехуманите услови уште повеќе ја отежнуваат реинтеграцијата и ресоцијализацијата на малолетните лица во заедницата (Gieb, 2010).

Институционалниот третман дополнително има непожелно дисруптивно влијание врз семејството - ја нарушува семејната динамика, социјалните и емоционалните врски на индивидуата со семејството, пријателите и лицата од непосредната социјална средина. Ваквиот третман не е во можност да му пристапи на проблемот во условите ко кој истиот типично настанува. Во сушина се третираат симптомите на проблемот, но самите проблеми остануваат нерешени. Понатаму кога малолетните лица се враќаат во заедницата, се соочуваат со проблемот на интеграција во средината во која иницијалните проблеми остануваат нерешени. Истотака постои проблемот на недстаток на поддршка од заедницата и инволвираност на семејството во третманот на ресоцијализација на институионализирани индивидуи. Ова само по себе ја зголемува веројатноста за повтор. За да се избегнат овие проблеми семејството како целина треба да се вклучи во третманот за да се зајакнат семејните врски кои ќе обезбедат силен систем на поддршка за малолетното лице за време на и по третманот.

Од економска гледна точка институционалниот третман е помалку вијабилна опција. Со вонинституционалниот третман се елиминира товарот на одржување на цела затворска бирократија. Факт е дека рехабилитацијата чини релативно помалку надвор од големите институции каде постојат огромни трошоци. Иако е тешко точно да се пресметаат трошоците на одржување на затворски и слични установи, се проценува дека во регионот на САД за таа намена се трошат 62 билиони американски долари годишно (Heilbrun, Sevin & Redding, 2005).

Во малолетничката прврда вонинституционалниот третман се однесува на голем број на интервенции чија зедничка карактеристика е тоа што преставуваат алтернативи на сместување во институции како воспитни установи, воспитно поправни домови или малолетнички затвор. Вонинституционалниот третман по принципите на ресторативната правда е релевантен во сите фази од кривично-праваната постапка. Во

согласност со овие принципи на малолетникот може да му се изречат различни диверзиони мерки кои имаат за цел да го одвратат малолетното лице од минување низ процесот на формалната кривично-правна постапка. Диверзијата е особено пригодна за примена кај деца и малолетни лица. Пекиншките правила сугерираат, секогаш кога е можно, да се земе предвид справување со малолетните престапници со отсуство на формално судење (Стандардни минимални правила за малолетничка правда, ОН, член 11.1.). Највообичаена од овие мерки условно запирање на постапката. Диверзионите мерки ги упатуваат малолетните престапници во алтернативни програми за третман во зедницата. Условно запирање на постапката, условна осуда и засилениот надозр од заедницата отвораат широк спектар на можности и овозможуваат малолетното лице да продолжи да посетува училиште, да се вработи, или да ги исполува обвските на општокорисна работа. Условната суда е очигледна диверзиона алтернатива која му овозможува на престапникот да води нормален живот (Katasiyannis, 2008).

Вонинституционалните форми на ресоцијализација на малолетните престапници обезбедуваат третман на малолетните лица во рамки на нивната заедница. Освен третман на малолетни престапници, оваа форма на помош и заштита може да опфати и услуги за ризична група на млади, и други членови на зедницата. Згрижувачки семејства, локални советодавни сервиси, професионално оспособување, општествено корисна работа, резиденцијални програми за млади во ризик, се само дел од различните програми кои постојат во САД. Вообичаено, малолетните престапници се вклучуваат во некоја од програмите како дел од условите предвидени со условна осуда или условно запирање на постапката. Обврските изречени на малолетникот обично вклучуваат некој вид на општокорисна работа, што уште повеќе допринесува кон идеалите на ресторативната правда. Некои по рестриктивни форми на вонинституционален третман вклучуваат смесување во групни домови, домашен притвор, програми за дневен третман, и сместување во групни домови и заштитни згрижувалишта. Резиденцијалните програми се слични на заводските мерки но малолетното лице може непречено да посетува училиште или да оди на работа. Во овие центри се обезбедуваат услуги соодветни на посебите потреби на малолетното лице кои можат да опфатат: семејно советување, психо-едукативни сесии, советување за зависници од дрога и психотропни супстанци, порграми за сторители на кривични дела против половата слобода и половиот морал и дополнителни програми.

Постојат бројни програми за третман на малолетни престапници во различни заедници. Во продолжение се дадени некои примери на такви програми ( Morris & Maxwell, 2001):

- Индивидуална психолошка терапија,
- Конгнтивно-бихевиорална терапија,
- Семејна терапија,
- Третман на зависници психотропни супстанци и алкохол,
- Обука за описменување,
- Професионално оспособување,
- Помош при вработување,
- Ресторативни програми (посредство помеѓу сторителот и жртвата),
- Општетсвено корисна работа,
- Спорт и рекреација,
- Менторство (пр: „Big Brother, Big Sister“ програмата),
- Надзор,
- Посвојување.

При селекција на соодветна програма, од широкиот спектар на можности на прво место треба да сеземе предвид постоењето на емпириски докази за ефикасноста на истата. Мета-анализата на постоечката литература обезбедува квантитативна компарација на различните видови на третман, кому се наменети и со каков исход. Со мета-анализа на ефикасноста на различни типови на програми за третман се идентификувани следниве видови на програми како најефикасни: индивидуално психолошко советување, обука за интерперсонални вештни и комуникција, бихевиорални програми, едукативни програми и програми за професионално оспособување и семејно советување. Истражувањата сугерираат дека методите со когнитивно-бихевиорална компонента, паралелно со засилен надзор се покажале како најефективни. Тие вклучуваат програми како на пример мулти-системска терапија, обука за родителите, функционална семејна терапија и

когнитивен третнинг за решавање проблеми (cognitive problem-solving training). Обука за родителите утврдена како силен заштитен фактор бидејќи овој пристап ги обучува родителите како да се справат со проблематичното однеување на малолетникот истовремено да ја задржат само- контролата. Секако евидентна е потребата од понатамошна емпириска анализа на останатите програми кои не се опфатени со ова истражување од типот на спорт, менторство и посвојување (Roberts, 2004).

Понатаму се поставува прашањето за усогласеноста на програмата со индивидуалните потреби на малолетното лице како директен фактор за успешноста на одредена програма. Особено е важно да се одбере програма која е емпириски поврзана со специфичните потребите на индивидуата и факторите на ризик. Професорот Leischied од Универзитетот во Западен Онтарио, Канада ги поврзува различните програми на третман со специфичните потреби и ризик фактори на малолетната личност. Неговите наоди се дадени во прилог. Треба да се напомене дека оваа табела не е сеопфатна во таа мера за да може да се применува без разгледување на комплексните ситуации во кои се наоѓаат најголемиот дел од малолетните престапници. Ризиците односно потребите на малолетните лица се мултидимензионални и одлучувачки за типот на програмата времетраењето и слично.

Иако не постои стадардна дефиниција за практики од областа на малолетничка правда, идентификувани се седум чекори за примена на практиките базирани на резултати (evidence-based practices). Тие вклучуваат био-психо социјална процена (основа за креирање на план за третман) поставување на дијагноза и селекција на рамка на дејствување специфична за дијагнозата, идентификација на проблемите, формулирање на цели, креирање на план за интервенција, одредување на посакуваниот исход од третманот и негова евалуција. Клучен елемент во овој процес е постоењето на некоја форма на стандардизиран инстумент за проценка, кој вообичаено се користи во најголем дел од земјите во светот, како ASSET (UK) или YLSI (Canadian Youth Level of Service).

Генерално проценката ги опфаќа следниве области(Roberts, 2004):

- Семејна криминална историја;
- Прекршочно однесување;
- Социо-економска ситуација;
- Семејни и родителски односи;
- Образование;
- Соседство;
- Здравствена состојба;
- Перцепции за себе и другите;
- Ставови;
- Мотивација за промена;
- Позитвни фактори (кои можат да се искористат во програмата за третман);
- Препораки.

Креирањето на цели треба да биде колабративен процес којсе фокусира на развој на индивидуата, и истите треба да бидат реалистични и мерливи. За да се обезбеди најефективна имплементација на целите на третманот , семејната единица како целина треба да се охрабри да учестува. Рационално, семејството е изворот на вредности и норми за малолетното лице, така што семејствоото е најсилната алка во системот за поддршка.

Индивидуални тераписки сесии можат да се имплементираат напоредно со семејни сесии. Додека семејната терапија му овозможува на семејството да работи на меѓусебно поврзување, вештини на комуникација и третирање на сензитивни проблеми со посредство на медијатор, индивидуалната терапија е корисна за креирање на блиска врска со малолетното лице и индентификување на ситуации кои можат да поттикнат негативно однесување (Rodriguez, 2005).

Постојат бројни пристапи во третеманот на малолетни деликвенти. Бидејќи секоја индивидуа и секое смејство е различно, изборот на методи треба да се базира на потребите на клиентот. Без разлика дали третманот се одвива во семејниот дом или во заедницата, фокусот треба да ги опфати освен негативното-неприфатливо однесување и суштинските пробелми односно причините кои довеле до такво однесување т.е проблемите кои се манифестираат преку таквото однесување. Едностраното третирање на еден од овие аспекти е само привремено корегирање на постоечкиот проблем (Tarolla, Wagner, Rabinovitz, & Tubman, 2012).

# 3. Релевантни истражувања

Малолетниците често се впуштаат во однесување кое ги збунува возрасните луѓе. Понекогаш овие однесувања се со ограничени последици (на пример, чудна фризура), но во други случаи, овие однесувања може да имаат последици кои го менуваат животот (на пример, бременост или криминално досие). Со оглед на алармантниот број малолетнички апсења во последниве години (Puzzanchera, 2009), како и согледувањето на фактот дека девијантните или деликвентските активности се често со сериозни последици и по младите и по општеството, постои зголемен интерес во испитување и проучување на факторите кои ги наведуваат адолесцентите да се впуштат во малолетничка делинквенција или девијантно однесување.

Постојат екстензивни истражувања кои ги документираат врските помеѓу начинот на однесување на родителите со децата, мониторингот, приврзаноста и адолесцентната делинквенција (Steinberg, Blatt-Eisengart, & Cauffman, 2006; Fletcher, Steinberg, & Williams-Wheeler, 2004), како и врски помеѓу девијантното влијание од врсниците и зголемување на адолесцентната девијантност и преземањето ризици (Poulin, Dishion, & Burraston, 2001; Dishion, McCord, & Poulin, 1999). Иако некое преземање ризици може да биде позитивно (на пример, обиди за прием во спортски клуб или аудиции за разни културно-уметнички аудиции), во трудот се разработени негативните ризици, како што се ризично однесување поврзано со негативни исходи за младото лице (Youngblade, Theokas, Schulenberg, Curry, Huang, Novak, 2007). Треба да се забележи дека концептот на ризично однесување е широк концепт и вклучува широк спектар на однесувања кои варираат по степен (висок, низок) и тип (лично, општествено) на последици.

Адолесцентното ризично однесување се смета дека ги зголемува можностите за проблеми во различни фази од подоцнежниот живот на лицето, особено користењето на алкохол и наркотици, што според истражувањето на Klein et al. (2003), зема се поголем замав кај проблематичните деца во адолесцентен период. Од друга страна, се јавува и се поголем број на инциденти во кои се вклучени малолетни лица, кои изразуваат агресија и антисоцијално однесување, бројка на случаи која драстично се има зголемено во последните 50 години (Connor, 2002). Според Конор (Connor, 2002), пикот на возраста при изразување на агресивно однесување се разликува по пол: кај машките деца при 10-13 годишна возраст, додека кај женските деца при 16 годишна возраст. Оџерс и Морети

(Odgers & Moretti, 2002) специфично наведуваат дека во последните неколку години, се забележува раст на девијантното и деликвентното однесување кај женските лица, кои се почесто се вклучени во сериозни дела, многу повеќе отколку машките малолетни лица. Без разлика на полот и разликите во возраста, ваквите наоди поттикнуваат прашања кои се однесуваат на тоа зошто се јавува делинквентноста кај малолетните лица и кои се факторите кои допринесуваа за непосакуван развој на личноста.

Малолетничката делинквенција претставува многу сериозен општествен проблем (Loeber & Farrington, 1998; Snyder & Sickmund, 1999). Зошто една млада личност се впушта во криминални прекршоци, додека друга личност не? Пред околу осумдесетина години, Пијаже (Piaget, 1932) навел дека со анализирање на моралниот развој кај малолетните лица, а особено кај малолетните делинквенти, може да се даде одговор на поставеното прашање. Студиите за моралните вредности и моралниот развој на малолетниците датираат уште од 1903 година и оттогаш, направени се бројни студии за моралот кај малолетните лица кои покажувале делинквентно и/или девијантно однесување, но и кај лица кои не покажувале воопшто такво однесување. според теотријата на Колберг (Kohlberg 1984), когнитивниот развој на лицето игра многу голема улога во подоцнежното однесување, теорија која обезбедува морално-психолошки увид во однесувањето на лицето. Оваа теорија дала основа за бројни понатамошни истражувања на поврзаноста меѓу моралот и малолетничката делинквенција, како што е истражувањето на Бласи (Blasi, 1990), кое претставува екстензивно истражување кое довело до заклучок дека кај 10 од 15 студии може да се забележи низок морален степен кај малолетните делинквенти, во споредба со неделинквентите. Прегледот на истражувањата од оваа област спроведени од страна на Сметана (Smetana, 2000), како и оние на Нелсон, Смит и Дод (Nelson, Smith & Dodd, 2010), ги потврдиле наодите на Бласи дека малолетните делинквенти, генерално, имаат послабо, односно පониско ниво на морално резонирање, отколку неделинквентите, на иста или приближна возраст.

Адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување покажуваат помала способност да идентификуваат добри и лоши постапки и објаснувања во споредба со оние кои не манифестираат (Frichand, 2007).

Како еден од најзначајните фактори наведен во литературата кој се однесува на поттикнување, односно фактор со влијание за делинквентно однесување кај

малолетниците и адолесцентите е социоекономскиот статус. Влијанието на социоекономскиот статус врз моралот и однесувањето на младите е најекстензивно проучуван од страна на Саги и Ејковиц (Sagi & Eiikovits 1981). Тие наведуваат дека децата кои се растени во пониски социоекономски класи може да развијат екстерни морални ориентации, со оглед на тоа што нивните родители користат физички средства за контрола на детето (тепање, казнување, физичко малтретирање и така натаму), кои го насочуваат вниманието на детето од последиците на нивното однесување кон самите себе. Децата од средна класа може да бидат под позитивно влијание на родителите поради нивното индуктивно дисциплинирање, што кај детето развива однесување кое е посакувано и очекувано од околината и промовира развој на интерна морална ориентација (Berkowitz & Grych, 1998; Hoffman, 2000; Walker & Hennig, 1999). Со оглед на тоа што социоекономскиот статус е докажано поврзан и со моралните вредности и со малолетничката делинквенција, важно е да се одреди нивото на социоекономскиот статус и дали тоа ниво влијае на однесувањето на малолетното лица (Thoma, Rest, & Davison, 1991).

Како друг значаен фактор во литературата се наведува културата. Културата или културолошката позадина може да служи како рубрика за фактори, како што се семејна динамика или стил на родителство кој може да го модерира моралниот развој на детето. Авторитативниот или индуктивно-дисциплинскиот стил на родителство се покажуваат, преку истражувања, како стилови кои се поврзани со појава на посозреано ниво на морално однесување кај децата (Olejnik, 2010), најверојатно поради поголемата можност за социо-перспективни разговори и одгледување на децата (Walker, Hennig, & Krettenauer, 2000). Иако физичкото дисциплинирање може да биде адаптивно во некој културолошки контекст (Dodge, McLoyd, & Lansford, 2005), таквите родителски фактори се генерално поврзани со делинквентност (Kazdin, 1995), и може да ги поттикнат децата да ги занемарат моралните вредности. Покрај тоа, се можни дискриминација, социјалната екслузија и други непосакувани фактори и животни околности, како што е невработеноста (Farrington, Gallagher, Morley, Ledger, & West, 1986), да создадат тензија и стрес кај младите лица кои ќе влијаат на развојот и почитувањето на моралните вредности и ќе доведат до појава на делинквентно однесување.

Светот на малолетничката делинквенција, ризик факторите и заштитата од такво однесување е многу сложена појава. Според тоа, повголемиот број на истражувања кои се спроведени во текот на изминатите дсетина години, развојот на превентивни

програми за делинквентно однесување и развој на морални вредности кај малолетниците, се во фаза во која сеуште не постои артикулирање на одредени карактеристики или содржина на програмите кои ќе дадат ефективен и ефикасен третман. Тие програми овозможуваат таргетирање на само едно единечно делинквентно однесување или на неколку поврзани фактори (Mahabee-Gittens et al. 2007; Nelson 1990; Nickerson and Spears 2007; Park-Higgerson et al. 2008). Оттука, произлегува дека е потребно поопштирно истражување и анализа на одредени фактори, вклучувајќи го и моралот како фактор, за да може да се влијае во иднина на развојот на деца кои ќе немаат или кај кои ќе се супресираат девијантните склоности.

## 4.1. Емпириско истражување

### 4.1.1. Цели на истражувањето

**Општа цел:**

- Да се направи анализа на моралните вредности и вредносни ориентации на малолетните деликвенти.

**Посебни цели:**

- Да се анализира тековното размислување за хиерархијата на моралните вредности кај малолетните деликвенти.

- Да се анализираат најчесто избираните вредносни ориентации од страна на малолетни деликвенти.

- Да се утврдат факторите кои се поврзани со градењето на усвојувањето на моралните вредности и изборот на вредносните ориентации кај малолетните деликвенти.

### 4.1.2. Проблем на истражување

Основни проблеми на ова истражување се:

1. Дали постои поврзаност помеѓу изборот на моралните вредности и вредносните ориентации кај малолетните деликвенти?

2. Дали постојат разлики во изборот на моралните вредности и во вредносните ориентации помеѓу малолетници кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување?

3. Дали постојат разлики во изборот на моралните вредности и во претпочитаните вредносни ориентации помеѓу малолетните деликвенти кои се осудени на казнена мерка

затвор за деца и малолетните деликвенти кои се осудени на заводска мерка упатување во воспитно поправен дом?

### 4.1.3. Хипотези на истражувањето

1. Постои поврзаност помеѓу изборот на моралните вредности и претпочитаните вредносни ориентации кај малолетните деликвенти.

2. Малолетните деликвенти кои се осудени на казнена мерка затвор поретко ги избираат моралните вредности од малолетните деликвенти во воспитно поправен дом.

3. Малолетните деликвенти кои се осудени на казнена мерка затвор поретко избираат одредени вредносни ориентации од малолетните деликвенти во воспитно поправен дом.

### 4.1.4. Варијабли на истражувањето

1. Морални вредности. Моралните вредности во ова истражување се разгледуваат од аспект на перцепцијата на себе си низ призмата на вредностите и доблестите. Во ова истражување се опфаќаат: универзализам, благонаклоност, традиција, конформитет, безбедност, моќ, постигнување, хедонизам, стимулација и ориентација кон себеси конструирани во 1992 година од (Schwarts Value Survey, 1992), кои содржат кратки описи на карактеристиките на секоја вредност соодветно.

2. Вредносни ориентации. Под дефиницијата за вредносни ориентации се подразбира општ принцип на однесување во врска со определени цели кои се сметаат за пожелни и кон чие остварување се тежнее. Вредносните ориентации се начини на живот кои што некоја личност повеќе ги претпочита.
Вредносните ориентации се операционализирани преку десет кратки описи за животни стилови (Popadic, 1990) и тоа семејно - сентиментална, алтруистичка, сознајна, утилитарна, егоистичко - индивидуалистичка, хедонистичка, религиозно - традиционална, ориентација кон популарност, прометејски активизам и ориентација кон моќ.

3. Малолетничка деликвенција. Во ова истражување се вклучени адолесценти кои манифестираат асоцијално и адолесценти кои манифестират антисоцијално однесување.

4. Вид на санкција. Во ова истражување се вклучени малолетни деликвенти кои се осудени на казнена мерка затвор за деца (од 1 до 10 години) и на заводска мерка упатување во воспитно поправен дом (од 1 до 5 години).

Контролни варијабли:

1. Возраст. Во ова истражување се вклучени адолесценти на возраст од 14 до 18 години во затворот за малолетници во Тетово.

2. Пол. Истражувањето опфаќа адолесценти од машки пол кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување.

### 4.1.5. Мерни инструменти

1. Моралните вредности се мерат со Шварцова скала на вредности (Schwartz's Value Survey, 1992) конструиран во 1992 до 1996 година со кој испитаниците треба да одговорат за 10 вредности според кои ке го искажат својот морален систем на вредности. Споменатите 10 вредности се универзализам, благонаклоност, традиција, конформитет, безбедност, моќ, постигнување, хедонизам, стимулација и ориентација кон себеси. За секоја вредност има неколку прашања чија што средна вредност се зема како карактеристична вредност за одредена особина. Одговорот на прашањето е во интензитет од 1 до 5 со што 1 е најмногу е сличен со таа вредност а 5 е најмалку е сличен со вредноста намалување на интензитет на одговорот со одговорите помеѓу тие две вредности.

2. Вредносните ориентации се мерат со скала на мерење на претпочитаните животни стилови на Попадиќ (Popadic, 1990). Инструментот се состои од петтостепена скала на проценка на искажаните претпочитувања се толкуваат како показатели на семејно - сентиментална, алтруистичка, сознајна, утилитарна, егоистичко - индивидуалистичка, хедонистичка, религиозно - традиционална, ориентација кон популарност, прометејски активизам и ориентација кон моќ. Секој испитаник треба да се изјасни до кој степен претпочита одредена вредносна ориентација, при што најниската фрекфенција се

искажува со избор на степенот “воопшто не би сакал”, а највисоката со степенот “многу би сакал”. Преостанатите степени се градуирани според интензитетот - “не би сакал”, “не можам да одлучам” и “би сакал”.

### 4.1.6. Примерок

Примерокот на ова истражување е прилично мал поради тешката достапност до испитаниците. Ова истражување опфаќа вкупно 31 испитаник од кои 16 се испитаници од ЈУ за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми во Скопје “25-ти мај” и 15 испитаници од затворот за малолетни деликвенти во Охрид. Сите испитаници од примерокот се од машки пол и се на возраст од 14 до 18 години.

# Резултати

Во текстот на наредните страни прикажани се резултатите од тестираните истражувачки хипотези.

Во Табела 2. прикажани се дескриптивните податоци за испитуваните варијаблите морални вредности и вредносни ориентации. Понатака е прикажана проверката на нормалност на дистрибуциите, Кломогоров – Смирнов тест за истите варијабли (Табела 3), за истата група.

*Табела 2.* Дескриптивни статистици на варијаблите морални вредности и вредносни ориентации

| | N | Мин | Макс | Средна вред. | Станд. девијациј | Скјунес | | Куртозис | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Стат | Стат | Стат | Стат | Стат | Стат | Стн Грш | Стат | Стн. Грш |
| Универзализам | 31 | 3.25 | 5 | 4.05 | 0.44 | .169 | .421 | -.322 | .821 |
| Љубезност | 31 | 2.33 | 5 | 4.10 | 0.79 | -.815 | .421 | -.006 | .821 |
| Традиционалност | 31 | 3.00 | 5 | 4.04 | 0.60 | -.030 | .421 | -1.235 | .821 |
| Конформитет | 31 | 2.33 | 5 | 3.74 | 0.74 | .048 | .421 | -.704 | .821 |
| Безбедност | 31 | 4.00 | 5 | 4.55 | 0.35 | -.135 | .421 | -1.141 | .821 |
| Моќ | 31 | 1.00 | 5 | 3.26 | 1.12 | -.492 | .421 | -.327 | .821 |
| Постигнување | 31 | 2.67 | 5 | 4.30 | 0.65 | -.885 | .421 | .186 | .821 |
| Хедонизам | 31 | 2.50 | 5 | 4.31 | 0.73 | -1.006 | .421 | .694 | .821 |
| Стимулативност | 31 | 2.50 | 5 | 3.97 | 0.82 | -.136 | .421 | -1.454 | .821 |
| Себеориентација | 31 | 2.33 | 4.7 | 3.85 | 0.60 | -.793 | .421 | .404 | .821 |
| Семејство | 31 | 3 | 7 | 6.6 | 1.02 | -2.728 | .421 | 6.534 | .821 |
| Жртвување | 31 | 1 | 7 | 5 | 1.91 | -.426 | .421 | -1.102 | .821 |
| Наука | 31 | 1 | 7 | 4.7 | 2.28 | -.389 | .421 | -1.472 | .821 |
| Материјалност | 31 | 2 | 7 | 6.2 | 1.23 | -1.953 | .421 | 3.804 | .821 |
| Популарност | 31 | 1 | 7 | 4.3 | 2.72 | -.200 | .421 | -1.881 | .821 |
| Благосостојба | 31 | 1 | 7 | 4.9 | 1.62 | -.286 | .421 | -.335 | .821 |
| ЗалагањеСред | 31 | 2 | 7 | 4.9 | 1.68 | -.108 | .421 | -1.105 | .821 |
| Забава | 31 | 1 | 7 | 4.3 | 1.70 | -.139 | .421 | -.520 | .821 |
| Религиозност | 31 | 2 | 7 | 6 | 1.38 | -1.287 | .421 | .840 | .821 |
| Моќ | 31 | 1 | 7 | 4.2 | 2.15 | -.139 | .421 | -1.373 | .821 |
| N | 31 | | | | | | | | |

*Табела 3.* Колмогоров – Смирнов тест и Шапиро Вилк тест за проверка на дистрибуциите за варијаблите морални вредности и вредносни ориентации.

| | Колмогоров-Смирноф | | | Шапиро-Вилк | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Статистик | df | Sig. | Статистик | df | Sig. |
| Универзализам | .189 | 31 | .006 | .957 | 31 | .250 |
| Љубезност | .199 | 31 | .003 | .894 | 31 | .005 |
| Традиционалнос | .171 | 31 | .022 | .929 | 31 | .042 |
| Конформитет | .137 | 31 | .146 | .955 | 31 | .209 |
| Безбедност | .182 | 31 | .010 | .873 | 31 | .002 |
| Моќ | .183 | 31 | .009 | .932 | 31 | .050 |
| Постигнување | .165 | 31 | .031 | .888 | 31 | .004 |
| Хедонизам | .217 | 31 | .001 | .819 | 31 | .000 |
| Стимулативност | .195 | 31 | .004 | .880 | 31 | .002 |
| Себеориентација | .187 | 31 | .007 | .917 | 31 | .020 |
| Семејство | .486 | 31 | .000 | .436 | 31 | .000 |
| Жртвување | .207 | 31 | .002 | .868 | 31 | .001 |
| Наука | .229 | 31 | .000 | .830 | 31 | .000 |
| Материјалност | .316 | 31 | .000 | .677 | 31 | .000 |
| Популарност | .260 | 31 | .000 | .752 | 31 | .000 |
| Благосостојба | .160 | 31 | .041 | .911 | 31 | .014 |
| ЗалагањеСред | .184 | 31 | .009 | .890 | 31 | .004 |
| Забава | .142 | 31 | .115 | .947 | 31 | .131 |
| Религиозност | .339 | 31 | .000 | .729 | 31 | .000 |
| Моќ | .154 | 31 | .058 | .899 | 31 | .007 |

Пред обработката на податоците, со помош на Коломогоров – Смирнов тест за нормалност на дистрибуциите е проверено кои варијабли имаат нормалната дистрибуција. Анализата покажа дека има нормална дистрибуција кај варијаблите конформитет, забава и моќ (вредносна ориентација) каде што k > 0.05. Според Шапиро Вилк тестот, може да се забележи дека имаме нормална дистрибуција кај варијаблите конформитет и забава,  универзализам, и моќ (морални вредности) k > 0.05.

Добиените отстапувања кај другите варијабли значајно влијаат врз статистичката обработка на податоците за следната анализа, па оттука ќе се користи непараметриски метод на корелација односно Спираманов коефициент на корелација (Табела 4).

*Табела 4.* Спирмановкоефициент на корелација помеѓу варијаблите морални вредности и вредносни ориентации.

| | | Сем. | Жрт. | Наук | Мат. | Поп. | Благ. | Зала. | Заб | Рел. | Моќ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Унив. | Коеф на корелац | .477** | .266 | .198 | -.230 | -.216 | -.007 | .300 | .092 | .116 | -.088 |
| | p | .007 | .148 | .286 | .213 | .244 | .972 | .101 | .623 | .536 | .639 |
| | N | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 |
| Љуб. | Коеф на корелац | .278 | .417* | .037 | -.298 | -.147 | -.143 | .252 | .416* | .411* | -.178 |
| | p | .130 | .020 | .842 | .103 | .429 | .442 | .171 | .020 | .022 | .338 |
| | N | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 |
| Трад. | Коеф на корелац | .499** | .416* | .285 | -.284 | -.582** | .049 | .015 | .019 | .278 | -.393* |
| | p | .004 | .020 | .120 | .121 | .001 | .794 | .936 | .919 | .131 | .029 |
| | N | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 |
| Конф. | Коеф на корелац | .363* | .277 | .219 | -.104 | -.428* | -.078 | .386* | .108 | .246 | -.249 |
| | p | .045 | .131 | .236 | .578 | .016 | .676 | .032 | .564 | .182 | .176 |
| | N | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 |
| Безб. | Коеф на корелац | .020 | .161 | .464** | -.114 | -.277 | -.149 | .311 | .011 | .323 | -.196 |
| | p | .917 | .388 | .009 | .541 | .132 | .423 | .089 | .954 | .076 | .290 |
| | N | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 |
| Моќ | Коеф на корелац | -.053 | -.247 | -.297 | .175 | .445* | .057 | -.022 | .154 | -.483** | .539** |
| | p | .776 | .180 | .105 | .346 | .012 | .761 | .906 | .409 | .006 | .002 |
| | N | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 |
| Пост. | Коеф на корелац | -.016 | .291 | .407* | .094 | .329 | .514** | .152 | .307 | .061 | .328 |
| | p | .932 | .112 | .023 | .613 | .071 | .003 | .413 | .093 | .744 | .071 |
| | N | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Хед. | Коеф на корелац | .165 | .021 | .032 | .080 | -.130 | .196 | -.282 | .374* | .237 | -.064 |
| | p | .375 | .910 | .866 | .670 | .485 | .290 | .125 | .038 | .199 | .734 |
| | N | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 |
| Стим. | Коеф на корелац | .057 | .015 | -.039 | -.124 | .067 | .165 | -.106 | .310 | .165 | -.008 |
| | p | .763 | .938 | .835 | .505 | .719 | .376 | .569 | .090 | .376 | .964 |
| | N | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 |
| Себеор | Коеф на корелац | -.087 | .116 | .232 | -.029 | .075 | .110 | .192 | .072 | .263 | -.095 |
| | p | .641 | .533 | .210 | .878 | .690 | .554 | .302 | .702 | .153 | .612 |
| | N | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 | 31 |

За првата хипотеза се анализираше поврзаноста помеѓу моралните вредности и вредносните ориентации.

Постои статистички значајна корелација помеѓу варијаблите универзализам и семејство каде што $r_s$=.477 односно p=.007 / $p < 0.01$.

Постои статистички значајна корелација помеѓу варијаблите љубезност и жртвување каде што $r_s$=.417 односно p=.020 / $p < 0.05$.

Постои статистички значајна корелација помеѓу варијаблите љубезност и забава каде што $r_s$=.416 односно p=.020 / $p < 0.05$.

Постои статистички значајна корелација помеѓу варијаблите љубезност и религиозен стил каде што $r_s$=.411 односно p=.022 / $p < 0.05$.

Постои статистички значајна корелација помеѓу варијаблите традиционалност и семејство каде што $r_s$=.499 односно p=.004 / $p < 0.01$.

Постои статистички значајна корелација помеѓу варијаблите традиционалност и жртвување каде што $r_s$=.416 односно p=.020 / $p < 0.05$.

Постои статистички значајна корелација помеѓу варијаблите традиционалност и популарност каде што $r_s$=-.582 односно p=.001 / $p < 0.01$. Добиената корелација е негативна. Во овој случај растот на едната варијабла е пропратен со пад на другата варијабла.

Постои статистички значајна корелација помеѓу варијаблите традиционалност и моќ каде што $r_s=-.393$ односно $p=.029$ / $p < 0.05$.

Постои статистички значајна корелација помеѓу варијаблите конформитет и семејство каде што $r_s=.363$ односно $p=.045$ / $p < 0.05$.

Постои статистички значајна корелација помеѓу варијаблите конформитет и популарност каде што $r_s=-.428$ односно $p=.016$ / $p < 0.05$. Добиената корелација е негативна. Во овој случај растот на едната варијабла е пропратен со пад на другата варијабла.

Постои статистички значајна корелација помеѓу варијаблите конформитет и залагање каде што $r_s=.386$ односно $p=.032$ / $p < 0.05$.

Постои статистички значајна корелација помеѓу варијаблите безбедност и наука каде што $r_s=-.464$ односно $p=.009$ / $p < 0.01$. Добиената корелација е негативна. Во овој случај растот на едната варијабла е пропратен со пад на другата варијабла.

Постои статистички значајна корелација помеѓу варијаблите моќ и популарност каде што $r_s=.445$ односно $p=.012$ / $p < 0.05$.

Постои статистички значајна корелација помеѓу варијаблите моќ и религиозен стил каде што $r_s=.-483$ односно $p=.006$ / $p < 0.01$. Добиената корелација е негативна. Во овој случај растот на едната варијабла е пропратен со пад на другата варијабла.

Постои статистички значајна корелација помеѓу варијаблите моќ и моќ(вредносна ориентација) каде што $r_s=.593$ односно $p=.002$ / $p < 0.01$.

Постои статистички значајна корелација помеѓу варијаблите постигнување и наука каде што $r_s=.407$ односно $p=.023$ / $p < 0.05$.

Постои статистички значајна корелација помеѓу варијаблите постигнување и благосостојба каде што $r_s=.514$ односно $p=.003$ / $p < 0.01$.

Постои статистички значајна корелација помеѓу варијаблите хедонизам и забава каде што $r_s=.374$ односно $p=.038$ / $p < 0.05$.

Согласно резултатите хипотезата дека *„Постои поврзаност помеѓу изборот на моралните вредности и претпочитаната вредносна ориентација кај малолетните деликвенти“* **делумно се потврдува**.

Во Табелите 5 и 6, прикажани се дескриптивните статистици и резултатите од тестирањето на втората хипотеза, според која малолетните деликвенти кои се осудени на казнена мерка затвор поретко ги избираат моралните вредности од малолетните деликвенти во воспитно поправен дом.

*Табела 5.* Ман У Витни тест за значајност на разлики кај малолетници од воспитно поправен дом и малолетници од казнено поправен дом во однос на морални вредности.

| | Институција | N | Среден ранг | Вкупен ранг |
|---|---|---|---|---|
| Универзализам | ВПД | 16 | 17.97 | 287.50 |
| | КПД | 15 | 13.90 | 208.50 |
| | Вкупно | 31 | | |
| Љубезност | ВПД | 16 | 17.13 | 274.00 |
| | КПД | 15 | 14.80 | 222.00 |
| | Вкупно | 31 | | |
| Традиционалност | ВПД | 16 | 16.09 | 257.50 |
| | КПД | 15 | 15.90 | 238.50 |
| | Вкупно | 31 | | |
| Конформитет | ВПД | 16 | 15.09 | 241.50 |
| | КПД | 15 | 16.97 | 254.50 |
| | Вкупно | 31 | | |
| Безбедност | ВПД | 16 | 15.81 | 253.00 |
| | КПД | 15 | 16.20 | 243.00 |
| | Вкупно | 31 | | |
| Моќ | ВПД | 16 | 16.66 | 266.50 |
| | КПД | 15 | 15.30 | 229.50 |
| | Вкупно | 31 | | |
| Постигнување | ВПД | 16 | 17.41 | 278.50 |
| | КПД | 15 | 14.50 | 217.50 |
| | Вкупно | 31 | | |
| Хедонизам | ВПД | 16 | 17.81 | 285.00 |
| | КПД | 15 | 14.07 | 211.00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | 31 | | |
| Стимулативност | ВПД | 16 | 17.59 | 281.50 |
| | КПД | 15 | 14.30 | 214.50 |
| | Вкупно | 31 | | |
| Себеориентација | ВПД | 16 | 18.13 | 290.00 |
| | КПД | 15 | 13.73 | 206.00 |
| | Вкупно | 31 | | |

*Табела 6*. Ман У Витни тест за значајност на разлики кај малолетници од воспитно поправен дом и малолетници од казнено поправен дом во однос на морални вредности.

| | Унив. | Љуб. | Трад. | Конф. | Безб. | Моќ | Пост. | Хед. | Стим. | Себеор. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ман-Витни У | 88.5 | 102.0 | 118.5 | 105.5 | 117.0 | 109.5 | 97.5 | 91.0 | 94.5 | 86.0 |
| p | .203 | .468 | .952 | .561 | .902 | .674 | .365 | .226 | .303 | .171 |

Добиената U вредност за универзализам изнесува 88.5 и не ја надминува критичната вредност на ниво 0.05, што значи p>0,05. Не *постои статистички значајна разлика*, односно малолетните деликвенти осудени на казнена мерка затвор и малолетните деликвенти во воспитно поправен дом немаат разлика во избирањето на универзализам како морална вредност.

Добиената U вредност за љубезност изнесува 102.0 и не ја надминува критичната вредност на ниво 0.05, што значи p>0,05. Не *постои статистички значајна разлика*, односно малолетните деликвенти осудени на казнена мерка затвор и малолетните деликвенти во воспитно поправен дом немаат разлика во избирањето на љубезност како морална вредност.

Добиената U вредност за традиционалност изнесува 118.5 и не ја надминува критичната вредност на ниво 0.05, што значи p>0,05. Не *постои статистички значајна разлика*, односно малолетните деликвенти осудени на казнена мерка затвор и малолетните деликвенти во воспитно поправен дом немаат разлика во избирањето на традиционалност како морална вредност.

Добиената U вредност за конформитет изнесува 105.5 и не ја надминува критичната вредност на ниво 0.05, што значи p>0,05. Не *постои статистички значајна разлика*, односно малолетните деликвенти осудени на казнена мерка затвор и малолетните деликвенти во воспитно поправен дом немаат разлика во избирањето на конформитет како морална вредност.

Добиената U вредност за безбедност изнесува 117.0 и не ја надминува критичната вредност на ниво 0.05, што значи p>0,05. Не *постои статистички значајна разлика*, односно малолетните деликвенти осудени на казнена мерка затвор и малолетните деликвенти во воспитно поправен дом немаат разлика во избирањето на безбедност како морална вредност.

Добиената U вредност за моќ изнесува 109.5 и не ја надминува критичната вредност на ниво 0.05, што значи p>0,05. Не *постои статистички значајна разлика*, односно малолетните деликвенти осудени на казнена мерка затвор и малолетните деликвенти во воспитно поправен дом немаат разлика во избирањето на моќ како морална вредност.

Добиената U вредност за постигнување изнесува 97.5 и не ја надминува критичната вредност на ниво 0.05, што значи p>0,05. Не *постои статистички значајна разлика*, односно малолетните деликвенти осудени на казнена мерка затвор и малолетните деликвенти во воспитно поправен дом немаат разлика во избирањето на постигнување како морална вредност.

Добиената U вредност за хедонизам изнесува 91.0 и не ја надминува критичната вредност на ниво 0.05, што значи p>0,05. Не *постои статистички значајна разлика*, односно малолетните деликвенти осудени на казнена мерка затвор и малолетните деликвенти во воспитно поправен дом немаат разлика во избирањето на хедонизам како морална вредност.

Добиената U вредност за стимулативност изнесува 94.5 и не ја надминува критичната вредност на ниво 0.05, што значи p>0,05. Не *постои статистички значајна разлика*, односно малолетните деликвенти осудени на казнена мерка затвор и малолетните деликвенти во воспитно поправен дом немаат разлика во избирањето на стимулативност како морална вредност.

Добиената U вредност за ориентираност кон себе изнесува 86.0 и не ја надминува критичната вредност на ниво 0.05, што значи p>0,05. Не *постои статистички значајна*

*разлика*, односно малолетните деликвенти осудени на казнена мерка затвор и малолетните деликвенти во воспитно поправен дом немаат разлика во избирањето на себеориентација како морална вредност.

Согласно добиените резултати, хипотезата дека „Малолетните деликвенти кои се осудени на казнена мерка затвор поретко ги избираат моралните вредности од малолетните деликвенти во воспитно поправен дом, **се отфрла**.

Во Табелите 7 и 8 прикажани се дескриптивните статистици и резултатите од тестирањето на третата хипотеза, според која малолетните деликвенти кои се осудени на казнена мерка затвор поретко избираат одредени вредносни ориентации од малолетните деликвенти во воспитно поправен дом.

*Табела 7*. Дескриптивни статистици за вредносни ориентации кај малолетни деликвенти осудени на казнена мерка затвор и оние во домови со воспитно социјални проблеми во однесувањето.

| Институција | | N | Среден ранг | Вкупен ранг |
|---|---|---|---|---|
| Семејство | ВПД | 16 | 14.53 | 232.50 |
| | КПД | 15 | 17.57 | 263.50 |
| | Тотално | 31 | | |
| Жртвување | ВПД | 16 | 20.94 | 335.00 |
| | КПД | 15 | 10.73 | 161.00 |
| | Тотално | 31 | | |
| Наука | ВПД | 16 | 18.44 | 295.00 |
| | КПД | 15 | 13.40 | 201.00 |
| | Тотално | 31 | | |
| Материјалност | ВПД | 16 | 12.34 | 197.50 |
| | КПД | 15 | 19.90 | 298.50 |
| | Тотално | 31 | | |
| Популарност | ВПД | 16 | 20.13 | 322.00 |
| | КПД | 15 | 11.60 | 174.00 |
| | Тотално | 31 | | |
| Благосостојба | ВПД | 16 | 20.75 | 332.00 |
| | КПД | 15 | 10.93 | 164.00 |
| | Тотално | 31 | | |
| Залагање | ВПД | 16 | 20.50 | 328.00 |
| | КПД | 15 | 11.20 | 168.00 |
| | Тотално | 31 | | |
| Забава | ВПД | 16 | 19.44 | 311.00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | КПД | 15 | 12.33 | 185.00 |
| | Тотално | 31 | | |
| Религиозност | ВПД | 16 | 16.09 | 257.50 |
| | КПД | 15 | 15.90 | 238.50 |
| | Тотално | 31 | | |
| Моќ | ВПД | 16 | 19.13 | 306.00 |
| | КПД | 15 | 12.67 | 190.00 |
| | Тотално | 31 | | |

*Табела 8*. Ман У Витни тест за значајност на разлики за вредносни ориентации кај малолетни деликвенти осудени на казнена мерка затвор и оние во домови со воспитно социјални проблеми во однесувањето.

| | Сем. | Жртв. | Наук. | Мат. | Поп. | Благо. | Залаг. | Заб. | Рел. | Моќ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ман-Витни У | 96.5 | 41.0 | 81.0 | 61.5 | 54.0 | 44.0 | 48.0 | 65.0 | 118.5 | 70.0 |
| p | 0.15 | 0.00 | 0.11 | 0.01 | 0.01 | 0.00 | 0.00 | 0.03 | 0.95 | 0.05 |

Добиената U вредност за семејство изнесува 96.5 и не ја надминува критичната вредност на ниво 0.05, што значи $p>0,05$. Не *постои статистички значајна разлика помеѓу малолетните деликвенти осудени на казнена мерка затвор и оние сместени во воспитно поправен дом.*

Добиената U вредност за жртвување изнесува 41 и ја надминува критичната вредност на ниво 0.01, што значи $p<0,01$. *Постои статистички значајна разлика*, односно малолетните деликвенти осудени на казнена мерка затвор, поретко го избираат жртвувањето како вредносна ориентација од малолетни деликвенти во воспитно поправен дом.

Добиената U вредност за наука изнесува 81 и не ја надминува критичната вредност на ниво 0.05, што значи $p>0,05$. Не *постои статистички значајна разлика помеѓу малолетните деликвенти осудени на казнена мерка затвор и оние сместени во воспитно поправен дом.*

Добиената U вредност за материјалност изнесува 61.5 и ја надминува критичната вредност на ниво 0.05, што значи $p<0,05$. *Постои статистички значајна разлика*, но во овој случај малолетните деликвенти кои се осудени на мерка воспитно поправен дом, поретко ја избираат материјалноста како вредносна ориентација од малолетниците кои се сместени во казнено поправен дом.

Добиената U вредност за популарност изнесува 54 и ја надминува критичната вредност на ниво 0.01, што значи $p<0,01$. *Постои статистички значајна разлика*, односно малолетните деликвенти кои се кои се сместени во казнено поправен дом, поретко ја избираат популарноста како вредносна ориентација од малолетните деликвенти кои се во воспитно поправен дом .

Добиената U вредност за благосостојба изнесува 44 и ја надминува критичната вредност на ниво 0.01, што значи $p<0,01$. *Постои статистички значајна разлика*, односно малолетните деликвенти кои се осудени на казнена мерка затвор, поретко ја избираат благосостојбата како вредносна ориентација од малолетните деликвенти кои се во воспитно поправен дом.

Добиената U вредност за залагање изнесува 48 и ја надминува критичната вредност на ниво 0.01, што значи $p<0,01$. *Постои статистички значајна разлика*, односно малолетните деликвенти осудени на казнена мерка затвор, поретко го избираат залагањето како вредносна ориентација од малолетните деликвенти во воспитно поправен дом.

Добиената U вредност за залагање изнесува 65 и ја надминува критичната вредност на ниво 0.05, што значи $p<0,05$. *Постои статистички значајна разлика*, односно малолетните деликвенти осудени на казнена мерка затвор, поретко ја избираат забавата како вредносна ориентација од малолетните деликвенти во воспитно поправен дом.

Добиената U вредност за религиозен стил изнесува 118.5 и не ја надминува критичната вредност на ниво 0.05, што значи $p>0,05$. Не *постои статистички значајна разлика*, односно малолетните деликвенти осудени на казнена мерка затвор ималолетните деликвенти во воспитно поправен дом немаат разлика во избирањето на семејството како вредносна ориентација.

Добиената U вредност за моќ изнесува 70 и ја надминува критичната вредност на ниво 0.05, што значи $p<0,05$. *Постои статистички значајна разлика*, односно малолетните

деликвенти осудени на казнена мерка затвор, поретко ја избираат моќта како вредносна ориентација од малолетните деликвенти во воспитно поправен дом.

Според добиените резултати, хипотезата дека *Малолетните деликвенти кои се осудени на казнена мерка затвор за деца поретко избираат одредени вредносни ориентации, од малолетните деликвенти кои се осудени на мерка упатување во воспитно поправен дом* **делумно се потврдува.**

# Дискусија

Од резултатите на ова истражување можеме да протолкуваме и откриме многу детали за размислувањето и разликата помеѓу малолетните деликвенти осудени на казнена мерка затвор и малолетните деликвенти во воспитно поправен дом. Со резултатите ќе видиме дали разликата во моралот и вредносни ориентации кои малолетните деликвенти ги преферираат имаат големи разлики меѓу себе. Добиените резултати се претставени за варијаблите на морални вредности според Шварцовата скала на вредности (Schwarts Value Survey, 1992) и животни стилови според Попадич (Popadic, 1990).

Првата хипотеза дека постои поврзаност помеѓу изборот на моралните вредности и претпочитаната вредносна ориентација кај малолетните деликвенти е делумно потврдена со спирманов коефициент на корелација. Истиот резултат се добива со што се поврзува социоекономскиот статус на индивидуата (малолетниот деликвент) со моралните вредности и однесувањето на истатата (Thoma, Rest, & Davison, 1991).Чувството на безбедност на децата кои што посетуваат училиште е од енормна важност со тоа што доколку тие се чувствуваат несигурно директно имаат намалување врз концентрацијата и успехот во училиште со што резултатот на негативната корелација е најинтензивен кај истите тие две варијабли. Доколку учениците потекнуваат од сиромашна и несигурна околина веројатноста да бидат послаби во училиште е многу поголема од учениците кои не се соочуваат со такви проблеми секој ден (Cote-Lussier & Fitzpatrick, 2016).

Втората хипотеза дека малолетните деликвенти кои се осудени на казнена мерка затвор поретко ги избираат моралните вредности од малолетните деликвенти во воспитно поправен дом се отфрла. Во резултатите направената споредба помеѓу малолетните деликвенти со казнена мерка затвор и малолетните деликвенти од воспитно поправен дом сепак постои но не е доволно значајна за да може статистички да се потврди хипотезата. Кога ке ја погледнеме табелата на Ман Витни У тестот можеме да забележиме разлика речиси во сите морални вредности што беше очекувано но бидејки разликата не е премногу голема помеѓу испитаниците не може да се најде статистички значајна корелација ниту кај една од варијаблите.

Третата хипотеза дека малолетните деликвенти кои се осудени на казнена мерка затвор поретко избираат одредени вредносни ориентации од малолетните деликвенти во

воспитно поправен дом е делумно потврдена со што се добива слика која прави една одредена диференцијација помеѓу овие две групи на малолетни деликвенти со различен интензитет на кривично дело. Утврдено е дека малолетните деликвенти кои се осудени на казнена мерка затвор имаат пониски вредносни ориентации со статистички значајни калкулации од малолетните деликвенти од воспитно поправен дом.

Иако ова истражување е квантитативно според примерокот на испитаници се пронаоѓаат разлики во начинот на размислувањето на испитаниците со казнена мерка затвор и испитаниците од воспитно поправен дом. Можеме да најдеме ограничувања во истражувањето кое е направено. Испитаниците се само од машки пол што е разумно земајќи во предвид колку популацијата на малолетни деликвенти е во однос на машки спрема женски. Темата на диференцијација помеѓу малолетни деликвенти осудени на казнена мерка затвор и малолетни деликвенти од воспитно поправен дом е поле кое што не е премногу истражено. Простор е оставен за понатамошни истражувања како овие проблематики да се превентираат и насочат во позитивен правец. Ова поле на истражување останува отворено и комплексно за понатаму да успееме да добиеме нови хипотези, теории и начини за справување со овие индивидуи. Светот денес како глобално отворено место остава многу простор да се научи кои практики се применуваат за да се промени таа навика на асоцијално и антисоцијално однесување кај младите. Изненадувачки е колку понекогаш тие можат да успеат во својата цел.

# Заклучок

Од претходно наведените дефиниции и теории за феноменот на малелетничка деликвенција можеме да си направиме една слика зошто одредена група на малолетници манифестира асоцијално и антисоцијално однесување. Научната заедница секојдневно се сретнува со огромен број на проблеми за кои е потребно да се најде решение со намена да се направи животот во општеството подобар и полесен за секој граѓанин на истото. Некои општества успеваат да најдат подобри решенија за одредени проблеми во споредба со другите. Во дваесет и првиот век живеејки во свет каде што информациите ни се наоѓаат пред дланката имаме многу бенефиции од примерите на подобри и поуспешни општества од нашите простори и е потребно да го следиме примерот на истите со цел да постигнеме подобри резултати.

Феноменот на малолетничка деликвенција е најчесто проблем во општества и околини каде што е присутна сиромаштијата и необразованоста. Тоа се поврзани варијабли кои се во многу силна корелација едно со другото. Едно од најголемите решенија за малолетничката деликвенција е понудата на убав живот во мирно општество со стабилна економија и општествена кохезија каде што децата би можеле да ја фокусираат својата енергија кон нешто позитивно прифаќајки морални вредности и вредносни ориентации кои се општествено прифатливи и морално добри. Во еден од највозвишените романи на рускиот реализам имаме пример на студент по право кој врши злосторство чија што причина и последица е класичен одговор на општественото влијание врз индивидуата позната како Родион Романович Раскољников, жртва на околностите во кои бил приморан да живее прикажана од страна на маестралниот Достоевски.

Во денешните услови можеме да следиме примери на земји кои што многу добро се справуваат со проблематиката на малолетничката деликвенција користејки методи како што е медијацијата кој е еден од позитивните пристапи кон малолетните деликвенти и исто така придонесува жртвата на еден одреден настан да го надмине стравот и предрасудите кои ке ги има од тој немил настан. Со тоа ова станува еден многу интересен пристап во модерните општества кој носи многу позитивни резултати и вреди да се вложи труд во нешто кое што го решава проблемот и има многу низок процент на рецидивизам за разлика од стандардниот стигматизирачки пристап од страна на општествата каде лицата буквално се жигосуваат и се очекува да бидат рехабилитирани

и прифатени како такви. Многу добро ни е познато дека има огромен процент на рецидивизам и воопшто не функционира како што е очекувано од него.

Голем дел од овие малолетници кои се етикетирани како такви се соочуваат со проблеми кои се прилично сериозни од најмала возраст и еден од сериозните проблеми во нашите простори е токму тоа што истите тие кога ке манифестираат однесување кое што е индикатор дека нешто не е во ред многу малку се превзема во врска со тоа да се промени и да се помогне на индивидуата која очигледно се соочува со некој проблем за кој нема решение. Спротивно на тоа кога ке се случи инцидентот и ке биде прекасно институциите се вмешуваат кога ке треба да казнат а не да помогнат. Тоа би било од огромна помош во оваа проблематика кога би било променето на овие простори.

Малолетничката деликвенција како тема на истражување е нешто на кое што е потребно да се посвети многу внимание во иднина, но искоренување на овој проблем би постоел само во некој тип на утопија. Без разлика на тоа што проблемите кои цивилизацијата ги има во изминатите илјадници години не можат да бидам решени во целост, сепак може да се направи тие драстично да се намалат и подобрат во иднина со помош од научната заедница која станува посилна секој ден во секој дел од светот.

# Литература


1. Agnew R. Juvenile delinquency: Causes and control. Los Angeles, CA: Roxbory Publishing Company; 2005.
2. Albert Roberts, “An Overview of Juvenile Justice and Juvenile Delinquency,” pages 6–40 in Albert Roberts (ed.), Juvenile Justice Sourcebook (New York: Oxford University Press, 2004).
3. Andersen KG, Tapert SF, Moadab I, Crowley TJ, Broun SA. Personality risk profile for conduct disorder and substance use disorders in youth. Adictive behaviors 2007; 32:2377-82
4. Bailey S, Scott S. Juvenile Delinquency. In: Rutter M, Bishop DVM, Pine DS, Scott S, Stevenson J, Taylor E, editors. Rutter's Child and Adolescent Psychiatry. Oxford: Blackwell Publishing Limited; 2008. p.1106-25
5. Barton, H.W., Juvenile Justice: Community Treatment - Diversion, Preadjudication, Post-adjudication, Aftercare, Issues And Trends, Conclusion . Retrieved July 5, 2012, from Juvenile Justice: Community Treatment, 2011.
6. Bynum, J. E., & Thompson, W. E,. Juvenile Delinquency: A Sociological Approach (6th ed.). Ney York: Pearson, 2005.
7. Carolyn Cote-Lussier & Caroline Fitzpatrick. Feelings of Safety at School, Socioemotional Functioning and Classroom Engagement. Journal of Adolescent Health, 2016; 58 (5); 543
8. Cauffman E, Steinberg L. (Im)maturity of judgment in adolescence: Why adolescents may be less culpable than adults. Behavioral Science and Law 2018;18:742-43.
9. Coleman JC, Hendry LB, editors. The Nature of adolescence. London: Routlidge; 1999.
10. Community Treatment Programs for Juveniles, International Journal of Behavioral Consultation and Therapy Vol.2, No.2, 2006, пп.287.
11. Cromwell, P., Carmen, R., & Alarid, L., Community-Based Corrections (5th ed.). Belmont, CA: Wadsworth, 2002.
12. Cruise KR, Colwell LH, Lyons PM, Baker MD. Prototypical analysis of adolescent psychopathy: Investigating the Juvenile Justice perspective. Behavioral Science and Law 2003; 21:829-46
13. Dixon A, Howie P, Starling J. Psychopathology in female juvenile offenders. Journal of Child Psychology and Psychiatry 2004; 45(6):1150-58.

14. Douglas, G.,. Media Violence and Children: A Complete Guide for Parents and Professionals, Westport: Praeger Publishers, 2003.
15. Farrel, G., & Clark, K.,What does teh world spend on criminal justice? HEUNI paper No. 20. The European Institute of Crime prevention and Control affiliated to the United Nations. Helsinki, 2004.
16. Farrington D. P. Developmental and Life-Course Criminology: Key theoretical and empirical Issues- The 2002 Sutherland Award Address. Criminology 2003; 41(2):221-55.
17. Farrington DP Multiple risk factors for multiple problem violent boys. In: Corrado RR, Roesch R, Hart SD, Gierowski JK, editors. Multi-problem Violent Youth: A Foundation for Comparative Research on Needs, Interventions and Outcomes. Amsterdam: IOS Press; 2002.p.23-34
18. Farrington DP. Childhood risk factors and risk-focussed prevention. In: Maquuire M, Morgan R, Reiner R, editors. The Oxford Handbook of Criminology. Oxford: Oxford University Press; 2006.
19. Farrington DP. Explaining and preventing crime:The globalization of knowledge. Criminology 2000; 38:1-24.
20. Farrington, DP, Coid JW, Harnett LM, Soteriou N, Turner RE, Jolliffe D, West DJ. Criminal careers up to age 50 and life success up to age 48: new findings from the Cambridge Study in Delinquent Development. London: Home Office Research; 2018
21. Frichand A. Vrednosti, vrednosni orientacii, moralni stavovi i modeli za identifikacija vo razlicni vozrasni grupi: Skopje; 2007
22. Frick PJ, Marsee MA. Psychopathy and developmental pathways to antisocial behavior in youth. In: Patrick CJ, editor. Handbook of psychopathy New York: Guilford; 2006. p.355-74.
23. Gieb, C., et al., The education of juveniles in detention: Policy considerations and infrastructure development. Learning and Individual Differences. 21, (1),2010, пп.3-11.
24. Healey J, editor. Young Offenders. Issues in Society 2003; 177
25. Heilbrun, K. Sevin Goldstein, N.E., & Redding, R.E. (Eds.)., Juvenile Delinquency: Prevention, Assesment, and Intervention. New York: Oxford University Press, 2005.
26. Herrenkohl TI, Maguin E, Hill KG, Hawkins JD, Abbott RD, Catalano RF. Developmental risk factors for youth violence. Journal of Adolescent Health 2018; 26 (3):176-86.
27. Ivanović-Kovačević S, Mišić –Pavkov G, Šobot V. Psihosocijalne i psihopatološke karakteristike maloletnih počinioca krivičnih dela. Beograd: Drugi kongres sa međunarodnim učešćem DEAPS- a.Knjiga apstrakata 2010; 30.

28. Ivanović-Kovačević S. Sociodemografske i psihopatološke karakteristike maloletnih učinioca krivičnih dela. Doktorska disertacija. Novi Sad RS: Medicinski fakultet u Novom Sadu; 2009.
29. Kaplan H, Johnson R., Negative Social Sanctions and Juvenile Delinquency: Effect of Labeling in a Model of Deviant Behaviour, Social Science Quaterly, Vol.72., No.1., 2011.
30. Katasiyannis, A., et al., Juvenile Delinquency and Recidivism: The Impact of Academic Achievement. Reading & Writing Quarterly, 24, 2008. пп.144-196
31. Киткањ З, Престапничко однесување кај малолетните лица, Скопје, 2014
32. Kostic M, Biological and psychological theories on juvenile delinquency, Facta Universitatis- Series: Law and Politics Vol. 11, No.1, 2013.
33. Kourakis, N, A typology of juvenile justice systems in Europe, Essays in honor of Alice Yotopoulos, Athens, 2003
34. Lader D, Singleton N, Meltzer H. Psychiatric morbidity among young offenders in England and Wales. International Review of Psychiatry 2005; 15:144-47.
35. Lahey B, Moffitt TE, Caspi A, editors.The causes of conduct disorder and serious juvenile delinquency. NY: Guilford; 2003.
36. Listwan SJ. Personality and criminal behavior: reconsidering the individual. Dissertation. Cincinnati USA: University of Cincinnati; 2001
37. Ljubičić M. Kretanje maloljetničkog prestupništva u Srbiji u periodu 1980-2004 . Sociološki pregled 2006; 40(4):589-613
38. Loeber R, Farrington DP, Stouthamer-Loeber M, Moffit TE, Caspy A, Lynam D. Male mental health problems, psychopathy and personality traits: Key findings from the first 14 years of the Pittsburgh Youth Study. Clinical Child and Family Psychology Review 2001; 4(4):273-97
39. Maloletni učinioci krivičnih dela - prijave, optuženja i osude. Statistički bilten. Beograd: Republički zavod za statistiku; 2008
40. Markovic J, Martinovic- Mitrovic S, Sobot V, Srdanovic-Maras J, Ivanovic-Kovacevic S. Conduct disorders: differences among siblings. 20th IPP World Congres of Psychiatry. Book of abstracts 2010;137.
41. Mesch G., Turjeman H., Fishman G., Social Identity and Violents Amog Immigrant Adolescents, Youth, Violence and Social Disintegration, 2008. , pp.129-150.
42. Mitrović D, Smederevac S. Konstruktna validnost multidimenzionalnog upitnika ličnosti (MPQ). Psihologija 2007; 40(2):211-28.

43. Moffitt TE. Adolescent –limited and Life-cource- persistent antisocial behavior: A devolopmental taxonomy. Psychological Review 1993; 100:674-701.
44. Moffitt TE. The neuropsychology of delinquency: A critical review of theory and research. In Morris N, Tonry M, editors. Crime and Justice. Chicago: University of Chicago Press; 1990. p. 99-169.
45. Morris, A., & Maxwell, G.(Eds.), Restorative Justice for Juveniles: Conferencing, Mediation& Circles. Portland, OR: Hart Publishing, 2001.
46. Mulder, E., Vermunt, J., Brand, E., et all., Recidivism in subgroups of serious juvenile offenders: Different profiles, different risks?, Criminal Behaviour and Mental Health, No. 22, 2012, pp.122-135.
47. Murrie DC, Cornell DG, Kaplan S, McConvill D, Levy-Elkon A. Psychopathy scores and violence among juvenile offenders: A multi measure study. Behavioral Science and Law 2004; 22: 49-67.
48. Norval Morris and Gordon Hawkins, Report to the Congress on Juvenile Delinquency (Washington, DC: U.S. Department of Health, Education and Welfare, 1960), p. 16.
49. Oxford Advanced Learner's Dictionary, Six Edition, Wehmeier, S., Ashby, M., (eds), Oxford University Press, 2000
50. Papageorgiou,V., Vostanis, P., Psychosocial characteristics of Greek young offenders, The Journal of Forensic Psychiatry, Vol.11., No.2., 2000, p.390-400
51. Patrick CJ, Curtin JJ, Tellegen A. Development and validation of a Brief Form of the Multidimensional Personality Questionnaire. Psychological Assessment 2002; 14(2): 150–163
52. Patrick CJ, Hicks BM, Nichol PE, Krueger RF. A bifactor approach to modeling the structure of the Psychopathy Checklist-Revised. Journal of Personality Disorders 2007;. 21(2):118-41.
53. Popma A, Raine A.Will future forensic assessment be neurobiologic? Child and Adolescent Psychiatric Clinics of North America, 2018; 15:429-44.
54. Reckless, W.C., The Crime Problem, New York, Appleton-Century-crofts, Inc.,2014.
55. Roberts, A.R., Case example: matt. Juvenile justice sourcebook : Past, present, and future (1st ed.) (pp. 367-370). New York, NY: Oxford University Press, 2004
56. Roberts, A.R., The family and juvenile delinquency. Juvenile justice sourcebook : Past, present, and future (1st ed.) (pp. 341). New York, NY: Oxford University Press, 2004.

57. Rodriguez, N., Restorative Justice, Communities, and delinquency: Whom do we reintegrate? Criminology and Public Policy, 4(1), 2005, пп.103-130. American Society of Criminology.
58. Sailas E, Feodoroff B, Virkkunen M, Wahlbeck K. Mental disorders in prison populations aged 15- 21: National register study of two cohorts in Finland. British Medical Journal 2005; 330:1346-65.
59. Sharma, R. M., Sharma, R. K., Advanced Educational Psychology, Atlantic Publishers and Ditributors, New Delhi, 2006.
60. Slotsve, T., Carmen, A., Sarver, M.,Villareal-Watkins, R., Television Violence and Aggression: A Retrospective Study, Southwest Journal of Criminal Justice, Southwestern Association of Criminal Justice, 2008
61. Smart D, Vassallo S, Sanson A, Dussuyer I. Patterns of Antisocial Behaviour from Early to Late Adolescence. Trends & issues in crime and criminal justice. Canberra, AST:Australian Institute of Criminology, 2004; 290.
62. Smederevac S, Mitrović D. Ličnost: Metodi i modeli. Beograd: Centar za primenjenu psihologiju; 2006
63. Šobot V, Ivanović-Kovačević S, Marković J. Razvojne putanje delinkvencije u adolescentnom uzrastu. Beograd: Drugi kongres sa međunarodnim učešćem DEAPS- a. Knjiga apstrakata 2010; 31.
64. Šobot V. Ličnost, psihopatološka obležja i obrasci ponašanja adolescentnih delinkvenata. Magistarska teza. Novi Sad RS: Filozofski fakultet u Novom Sadu; 2009
65. Staff, J., Kreager, D., Too Cool for school? Violence Per Status and High School Dropout, Social Forces No. 87 (1), 2008.
66. Tarolla, M., Wagner, F., Rabinovitz, J., & Tubman, G., Understanding and treating juvenile offenders: a review of current knowledge and future directions. Aggression and Violent Behaviour, 7, 2012, пп.125-143.
67. Tremblay P, Pare PP. Canadian J of Criminology and Criminal Justice 2003; 45(3)
68. United Nations, Centre for Social Development and Humanitarian Affairs, “The global situation of youth in the 1990s: trends and prospects”, ST/CSDHA/21, 1993.
69. United Nations, Department of Public Information, News Coverage Service, “Effects of armed conflict, youth participation in economic development, media influence discussed at Lisbon Conference”, press release: statement by Agung Laksono, Minister for Youth and Sport Affairs of Indonesia, Lisbon, 10 August 1998, SOC/4468.

70. Urban Management Programme, “Streetchildren and gangs in African cities: guidelines for local authorities”, Working Paper Series, No. 18, May 2000, p. iii.
71. Vincent GM, Vitacco MJ, Grisso T, Corrado RR. Subtypes of adolescent offenders: Affective traits and antisocial behavior patterns. Behavioral Science and Law 2003; 21:695- 712.
72. Wenar C. Poremećaji ophođenja i nedostatna samokontrola. U: Wenar C, urednik. Razvojna psihopatologija i psihijatrija: od dojenačke dobi do adolescencije-prevod trećeg izdanja. Jastrebarsko: Naklada Slap; 2019. p.243-73
73. Werner H.J.Book review essay:The complex dynamics of onset, the development, and the termination of a criminal career: Lessons on repeat offenders to be drawn from recent longitudinal studies in criminology. The Annals of the American Academy of Political and Social Science 2005; 602:259-79
74. Wijk AP, Blokland AAJ, Duits N, Vermeiren R, Harkink J. Relating psychiatric disorders, offender and offence characteristics in a sample of adolescent sex offenders and non-sex offenders. Criminal Behavior and Mental Health 2007; 17(1):15-30.

**ПРИЛОГ БР. 1 ПРАШАЛНИК ЗА МОРАЛНИ ВРЕДНОСТИ**

**Упатство**: Подолу се дадени описи на некои луѓе. Ве молиме прочитајте го секој опис и размислете во колкава мера секое лице наликува на вас. Ставете знак X над една од цртичките со што ќе покажете во колкава мера описот на лицето е сличен со вашиот.

*Легенда* : ***5-многу е сличен со мене***

***4-сличен е со мене***

***3-донекаде е сличен со мене***

***2-малку е сличен со мене***

***1-воопшто не е сличен со мене***

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. За него е важно постојано да биде љубезен со другите луѓе.Тој верува дека секогаш треба да покажува почит кон своите родители и постарите луѓе. | __ | __ | __ | __ | __ |
| 2. Нему му е важно да смислува нови идеи и да биде креативен.Тој сака да работи на оригинален начин. | __ | __ | __ | __ | __ |
| 3. За него е важно да биде успешен. Тој сака да се истакнува и да ги импресионира другите. | __ | __ | __ | __ | __ |
| 4. Мисли дека е важно да се однесува онака како што научил од семејството. Сака да ги следи навиките и традицијата на своето семејство. | __ | __ | __ | __ | __ |
| 5. Тој смета дека е важно секој да биде третиран подеднакво.Сака да постои правда за секого, па дури и за луѓето што не ги познава. | __ | __ | __ | __ | __ |
| 6. Сака изненадувања и секогаш бара нешто ново. Мисли дека е важно да прави многу различни работи во животот. | __ | __ | __ | __ | __ |

1 2 3 4 5

7. Безбедноста на неговата околина му е многу важна. Сака неговата околина да биде безбедна од непријатели. __ __ __ __ __

8. Секогаш сака да им помага на луѓето кои му се блиски. Многу му е важно да се грижи за луѓето кои ги знае и му се допаѓаат. __ __ __ __ __

9. Сака да биде главен и да им кажува на другите што да прават. Сака луѓето да прават онака како што тој ке каже. __ __ __ __ __

10. Тој навистина сака да ужива во животот.

За него е многу важно да се забавува. __ __ __ __ __

11. Сака сам да одлучува што да прави. За него е важно да ги планира и избира своите активности. __ __ __ __ __

12. Мисли дека е важно да не се бара повеќе од она што се има. Верува дека луѓето треба да бидат задоволни со она што го имаат. __ __ __ __ __

13. За него е важно да биде богат. Тој сака да има

многу пари и скапи нешта. __ __ __ __ __

14. Бара авантури и сака да ризикува. Сака да има вобудли живот. __ __ __ __ __

1 2 3 4 5

15. За него чесноста е важна. Тој смета дека мора да биде чесен во било која ситуација и секогаш да ја зборува вистината. __ __ __ __ __

16. За него е важно се да биде чисто и средено. Тој навистина не сака неред. __ __ __ __ __

17. Сака да ја искористи секоја пригода што му овозможува забава. За него е важно да го прави она што му носи задоволство. __ __ __ __ __

18. Цврсто верува дека луѓето треба да се грижат за природата. Грижата за околината за него е важна. __ __ __ __ __

19. Верува дека луѓето треба да го извршуваат она што ке им се каже. Мисли дека луѓето постојано треба да ги следат правилата, дури и тогаш кога никој не ги контролира. __ __ __ __ __

20. Сака луѓето да знаат дека тој може да работи успешно. Тој е амбициозен и подготвен да работи напорно за да напредува. __ __ __ __ __

1 2 3 4 5

21. Сигурноста за неговото семејство му е исклучително важна. Се би сторил за да се осигура дека неговото семејство секогаш е безбедно. __ __ __ __ __

22. За него е значајно да ги слуша луѓето кои се различни од него. Дури и кога не се согласува со нив, тој и понатаму сака да ги разбере и да соработува со нив. __ __ __ __ __

23. Тој не сака да се фали или привлекува внимание со работите што ги прави. Сака да биде скромен. __ __ __ __ __

24. Смета дека е важно да покажува интерес. Љубопитен е и се обидува се да дознае. __ __ __ __ __

25. Важно е да се прилагодуваш и да се однесуваш исто како и другите луѓе. Мисли дека треба да се постапува онака како што другите очекуваат од него. __ __ __ __ __

26. Мисли дека секој треба да придонесе за тоа луѓето во светот мирно да живеат заедно. За него е важно секаде во светот да постои мир. __ __ __ __ __

27. Многу му е важно да си ги покаже способностите. Сака луѓето да се восхитуваат на неговите дела. __ __ __ __ __

28. Важно му е неговите пријатели постојано да му веруваат. Сака да биде лојален и секогаш да внимава на нивните интереси. __ __ __ __ __

29. За него е важно да биде религиозен. Особено настојува да ги следи религиозните верувања. __ __ __ __ __

**ПРИЛОГ БР. 2 ПРАШАЛНИК ЗА ВРЕДНОСНИ ОРИЕНТАЦИИ**

**Упатство:** Подолу се наведени кратки описи на повеќе можни начини на живеење. Прочитај го внимателно секој од нив и одлучи до која мерка би сакал и би прифатил да живееш на опишаниот начин. Секој одговор означи го со знакот “**X**” во соодветното поле. Притоа, бројот **1** означува “воопшто не би сакал”, а бројот **7** - “многу би сакал”.

НАЧИНИ НА ЖИВЕЕЊЕ 1 2 3 4 5 6 7

1. Да запознаам лице кое ке го сакам и кое ке ме сака, заедно со него да создадам семејство и целосно да му се посветам на семејството. Да ја најдам смислата на животот во семејството.

2. Да се занимавам со нешто што е корисно за луѓето. Да им помагам на луѓето кога се несреќни или загрозени,

Дури и по цена на лично одрекување.

3. Да се занимавам со истражувања, да барам нови пронајдоци и изуми. Да стекнам што повеќе знаење. Постојано да осознавам нови нешта за светот, природата и човекот.

4. Да се занимавам со добро платена работа која ќе ми носи многу пари и потполна материјална сигурност. Да си обезбедам богат и удобен живот.

5. Да станам популарен, да бидам познат во спортот, музиката или забавата. Да се појавувам често на телевизија и во весници, да имам многу обожаватели.

6. Да го уредам животот така што нема да зависам од други и да не морам да се грижам за туѓите проблеми. Да се грижам пред се, за себе и својата благосостојба.

1 2 3 4 5 6 7

7. Да се залагам упорно за создавање на подобри и поправични односи за својата средина и општеството. Да се борам за долгорочните цели и идеи, дури и кога наидувам на отпори во средината.

8. Да го проживеам животот што побезгрижно и повесело. Добро да се забавувам. Што повеќе да уживам во задоволствата кои ги нуди животот. Заработените пари премногу да не ги штедам, туку да ги трошам на забава и разонода.

9. Да верувам во Господ и да живеам во склад со учењето за својата вера. Да пронајдам мир и вистина во верата. Да бидам добар верник, да ги почитувам верските празници и обичаи.

10. Да заземам раководечко место во општеството. Да имам голема моќ, за да не морам јас да слушам други, туку другите да ме слушаат мене.